## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Четвртото продолжение на Триесет и четврттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 март 2007 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,14 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвија Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Зоран Витанов, Фијат Цановски, Дауто Рреџепи, Арбен Џафери, Мехдун Тачи, Владо Бучковски, Љубчо Георгиевски, Илија Китановски и Никола Ќуркчиев ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 18- Предлог за донесување на закон за рамномерен регионален развој**

Продолжуваме со претресот.

Има збор господин Ратко Димитровски, повлете.

**Ратко Димитровски:** Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги,

Денеска на дневен ред имаме една точка за која што, според интересот на пријавените дискутанти е мошне интересна и за нас, кои сме тука и за целокупната македонска јавност. Токму заради тоа би сакал да се осврнам и јас, односно да го кажам моето видување за овој закон, односно согледување на еден претставник од еден регион што е доста запоставен во последниов период, односно во последно време.

Најпрво, би сакал да ве потсетам сите дека имаме уште еден закон со знамето на Европската Унија, односно уште еден закон што е од пакетот закони што треба да се донесат и би напомнал, како претставник на Комисијата за економски прашања, дека тоа е еден од законите за кои што очекувам дека ќе имаме концензус, односно дека нема да дојдат до израз политичките ставови на поедините пратеници и колеги, туку ќе бидат застапени интересите на оние региони што досега се чувствуваа како запоставени, односно оние региони што го почувствуваа неприменувањето на овој закон во последниве 15, а јас би рекол дури и повеќе од 15 години, заради тоа што резултат целокупниот развој е тоа во што сега се наоѓаме ние.

Ќе имаме жестоки дискусии во делот помеѓу развиените региони, што нормално да сакаат да бидат уште поразвиени и оние кои доаѓаме, а во четврточната дискусиај имаше многу колеги кои доаѓаат од неразвиените региони, така што ќе имаме жестоки расправи, жестоки дуели. Би сакал со овој закон тие дуели да ги сведеме на разговори со аргументи, на разговори со факти за да сето она што беше неправда до сега, колку-толку да успееме да го поправиме.

Ние разговараме за еден регионален развој во една држава што е на дното во Европа по сите параметри во економски развој, што значи дека оние што се неразвиени, во една таква држава, тие се тотално, тотално неразвиени, односно можат да се спорад со најниско развиените региони во целиот свет.

Овде би се задржал на делот на излагањето на министерот за локална самоуправа, кој даде доста обемни податоци. Меѓутоа, јас тоа би го дополнил со податоци што се однесуваат за регионот од каде што доаѓам јас, од источниот регион, а тие податоци тој не ги даде.

Потполно се согласувам со излагањето на министерот дека и во поделбата на регионите е мошне добро што не се оди на некоја политичка поделба, туку се зема она што го има направено како поделба на 8 региони Заводот за статистика. Значи, уште во овој старт ја исклучуваме политичката определба, односно политичките определби и одиме на една реална поделба што фунционира тука и не е заснова на никакви политичкии опции.

Бидејќи доаѓам од источниот регион, со самото гледање на геогравската поделба, се забележува дека тој е најголем по територија и опфаќа некаде 4.500. километри квадратни и околу 203.000 жители, што е еден од најретно населените региони во државата. За тоа би требало да се обрне внимание во наредниот период, да биде, колку што е можно повеќе опфатен во тој регионален развој.

Во тој регион, од местото од каде што доаѓам, од Кочани, ако на ниво на држава невработеноста е 35%, а последните податоци ги немаме, слободен сум да кажам дека во Кочани невработеноста е преку 40%. И, уште потрагично е тоа што во овој регион имаме нагла миграција, односно напуштање на родните огништа, било да е на легален или на нелегален начин. Така што, според податоците со кои што располагам, само од потесниот регион на бившата општина Кочани меѓу 3.000 и 5.000, воглавно млади едуцирани луѓе, го напуштиле тој регион и се наоѓаат дали во некоја од соседните држави или надвор, а во последно време дури имаме од нашиот регион вработени дури во Јапонија, во Токио.

Што е тоа што ги влеќе луѓето, сите знаеме. Но знаеме. Но, на глас не сакаме да го кажеме. Тоа е економскиот развој , тоа е заостанатоста, тоа е беспреспективноста на младите луѓе да најдат работа, односно да ја одржуватаа основната егзистенција.

Тоа би го дополнил со фактот дека бројот на новородените во тој регион, односно Кочани, како дел од тој регион, внимавајте добро, во последните 8 години се намалува за 4 пати. Во Гениколошкото одделение во Кочани од 1.200 млади, минатата година дури нена ниту 300 малди новородени дечиња.

Што тоа значи? Тоа значи дека младите кои остануваат тука, оние кои останале немаат храбрсот да формираат семејство и не ја гледаат својата перспектива.

Во законот имаме предвидено нешто да се отпочне со тој рамномерен регионален развој. Меѓутоа, законот ги дава општите насоки, општите ставови, а не дава понатаму како тоа ќе биде, односно како ќе се спроведува. Токму заради тоа мојата дискусија во овој дел, со оваа дискусија сакав да потенцирам дека е недоволно само да се заангажира Советот за регионален развој, Министерството за локална самоуправа, Бирото што ќе се преименува во друг насов, Советот за развој на регионот и тој Центар. Потребно е многу поголемо внимание да се посвети, односно потребно е првнествено Владата да го земе тоа прашање под своја ингеренција и дури, јас би рекол, за што имаше и конкретни предлози во Комисијата за економски прашања, дури и ние овде, како Собрание треба да дадеме насоки за да имаме еден рамномерен развој, бидејќи тоа што го кажав на почетокот, не е битно од која политичка опција сме. Битно е дека секојдневно, тие кои сме, го чувствуваме тоа на своја кожа, таа неразвиеност ја чувствуваме на своја кожа.

Само би потсетил и би укажал на една бегла глетка, од која што можеме да заклучиме, а ја гледаме секое утро кога доаѓаме во Скопје. Државата ни е така направена, што целокупните работи се случуваат овде, да ги погледнеме сликите што се случуваат на патарините во делот на влегување на Скопје, дали од правецот на Велес од гравитираат градовите од каде сум и јас, или Битола или Гевгелија итн или пак од Куманово или од другата страна од Тетово. Ќе забележиме турканици. Ќе забележиме дека во две-три-четири ленти влегуваат возила во Скопје. Обратно е попладне, кога си одат. Додека никој наутро не го напушта Скопје, односно никој не оди надвор од него.

Токму заради тоа беше еден мој предлог, што сакам и овде да го кажам, дека е потребно да се изврши дислокација на некои од државните структури во нашиов систем. Не е воопшто невредно за размислување да се постави Министерството за култура во Охрид, Министерството за економија во Битола, Министерството за образование и наука во Тетово, Министерството за екологија во Велес, на пример Министерството за локална самоуправа во Кочани. Ако ние направиме еден таков распоред на државните структури, на државните институции, ќе имаме можност, ако ништо повеќе, оние кои се овде во центарот да ги видат состојбите на тој терен, а посебно што со тоа ќе се влијае на развој на одредени сегменти во одредени региони.

Посебно би сакал да кажам дека е добро што овој закон оди во две фази и дека е потребно после нашиот претрес, после нашето заклучување, после донесувањето на нашите заклучоци во оваа фаза да се вклучат сите релевантни фактори, да се вклучат сите структури и, што е можно повеќе да се квалитет на законот. Односно, повторно би потенцирал, да биде што е можно поприменлив за да ги немаме тие диспаритети што ги имаме сега. Свесни сме дека не можеме да постигнеме наеднаш рамномерен регионален развој, свесни сме дека оној кој со години, со децении се влече назад не можеме преку ноќ да го исправиме. Меѓутоа, наша обврска е, наша задача е да се грижиме за сите региони, за сите краишта од државата, а воедно да не дозволиме да бидат претрупани одредени центри и едноставно да се задушуваат сами со себе.

Тука би завршил и би апелирал до сите колеги активно да се вклучиме во донесувањето на овие заклучоци. Би апелирал до Министерството за локална самоуправа што е можно поскоро да ја дочекаме и втората фаза затоа што од 1 јануари наредната година да почне да се применува овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Нада Станчевска, повелете.

**Нада Станчевска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Во мојава дискусија сакам да ја искажам мојата поддршка за донесување на Предлогот на законто за рамномерен регионален развој.

Имено, целта на овој закон е да се воспостави систем на развојни цели, институции и инструменти преку кои ќе се води политика на плицентричен рамномерен регионален развој. Одтука, првични чекори се креирање на правна и институционална рамка заради урамнотежување на регионалниот развој на земјата, како и создавање на капацитети за услови за економски развој и создавање капацитети за спроведување на европската регионална политика.

За поздравување е тоа што оваа материја за прв се уредува со закон. Непостоењето на политика на рамномерен регионален развој предизвика огромен диспаритет во развојот на пооделни делови од државата. Моноцентрична регионална структура со доминатна моќ на Градот Скопје, како главен град, диспаритет помеѓу центарот и периферијата на државата, како и зголемување на разликата помеѓу урбаните и руралните средини, што се рефлектира со тотално запоставување на руралните места.

Во Уставот на Република Македонија, членот 57 упатува на грижа за порамномерен просторен и регионален развој, како и за развој на стопанско недоволно развиените подрачја. Токму за оваа цел се предлага да се востановат 8 развојни

региони, плански региони, што кореспондираат со постојните статистички региони што се формирани во согласност со европските стандарди и што всушност ги препознава Европската Унија.

Како носители на рамномерниот регионален развој на централно ниво ќе биде Советот за рамномерен развој, Министерството за локална самоуправа, Бирото за рамномерен регионален развој. Носители на регионално ниво ќе бидат советите за развој на планските региони и центрите за развој на планските региони.

Планирањето на рамномерен регионален развој ќе се изврши со изготвување на плански документи, како што напомна министерот. Во тек е изработка на стратегијата за рамномерен регионален развој и тоа како долгорочен документ, со времетраење од 10 години. Врз основа на таа стратегија ќе се изготви програма за рамномерен регионален развој, како документ среднорочен, со времетраење од 5 години. Врз основа на оваа програма секој од планско развојните региони ќе подготви свој 5-то годишен план за развој и годишен акционен план за негова имплементација.

Фактички, со донесувањето на овие плански документи се врши приближување на нашето законодавство со законодавството на Европската Унија. Ова структура на носители и плански документи ќе обезбеди соработка и координиран пристап во водење на политиката на рамномерен регионален развој каде што подеднакво ќе бидат вклучени сите носители, институции како на централно, така и на локално ниво, при што, тука би сакала да потенцирам дека ќе се зајакне и улогата на локалната самоуправа, односно улогата на општините.

Во однос на финансирањето, во членот 28 од Предлогот на закон за рамномерен регионален развој, во изворите на финансирање, децидно стои дека ќе се користат средства од Буџетот на Република Македонија, средства од Буџетот на единиците на локалната самоуправа, фондови од Европската Унија, други меѓународни извори, донации, спонзорства од правни и физички лица и други средства уредени со законот.

Политиката на рамномерен регионален развој, треба да доведе до надминување на таа разлика, односно диспаритет кој постои меѓу центарот и периферијата на државата, надминување на економскиот и социјалниот диспаритет во развојот на поедини подрачја и општини. Намалување на разликите на живеење во урбаните и руралните подрачја, зачувување и развивање на посебен идентитет на планските региони, како и нивната афирмација. Заштита и унапредување и оптимално искористување на природното и создаденото богатство.

Исто така, од голема важност е да се потенцира дека со мониторингот на имплементацијата на стратегијата и програмата за регионален развој, еволуацијата на планските документи и финансиската контрола ќе овозможи да се зголеми одговорноста и транспарентноста на сите носители, односно на сите засегнати страни.

Овој закон е една од нотираните обврските на Република Македонија во документот за европското партнерство.

Од сите овие причини, треба сите ние да ја дадеме својата поддршка во донесување на Предлог-законот за рамномерен регионален развој. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи господинот Никола Ќуркчиев не е присутен, има збор пратеникот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Пред нас имаме закон со кој за прв пат во Република Македонија се уредува материја која на некој начин е блиска на сите нас, кога скоро сите оправдано велиме дека конечно требаше да се уреди.

Непостоењето на политика на рамномерен развој во изминативе години, ќе предизвика огромен диспаритет во развојот на одделни делови на државата. Предимензионираниот скопски регион предничи во однос на сите други. Во главниот град и во околината концентрирани се 25% од вкупното население во Република Македонија и 40% од вкупната урбана популација, а над 90% од вкупните инвестиции во државата, како директните странски инвестиции, се реализирани токму во Скопје.

Постои огромен диспаритет помеѓу центарот и периферијата на државата и повеќе од евидентен диспаритет помеѓу урбаните и руралните подрачја.

Политиката на рамноправен регионален развој, кога би се водела преку примената на моделот на полицентричен развој е во функција на амортизација на горенаведените диспаритети, но е и во функција на превенција од понатамошни економски и социјални диспаритети во развојот на поедини подрачја и општини, или во функција на превенција од потенцијални други деференцијации. Полицентричниот модел, економскиот, социјалниот и културниот развој , кој го промовира овој Предлог закон подразбира поддршка на развојот на сите јадра и полови на развој, во сите подрачја на земјата, притоа создавајќи предуслови за оптимално користење на расположивите природни, економски , човечки и други ресурси и специфики во развојните региони, а рационалното управување и искористување на вкупните ресурси на една земја е темелен принцип на кој често не потсетува и западноевропската пракса.

На овој Предлог-закон му претходеше концепт за негова изработка кој беше усвоен од претходната Влада во ноември 2005 година. Министерството за локална самоуправа пристапува кон изработка на работна верзија на законот, која во меѓувреме е доставена до Комитетот за регионален развој и

структурна политика на Европската комисија во Брисел.

Регионалниот развој за прв пат се уредува со закон на интегрален начин. Уставот на Република Македонија во членот 57 упатува на грижа за порамномерен просторен и регионален развој, како и за развој на стопански недоволно развиените подрачја.

Досега, само некои аспекти од развојот беа опфатени со Законот за стопански недоволно развиените краишта, кој експлицитно ја уредуваше поддршката на развојот на населените места во неразвиените подрачја. Дел од колегите на комисиските расправи за Предлог-законот ги искажаа своите коментари за огромната непокриена материја со постоечкиот Закон за стопански недоволно развиените подрачја. Меѓутоа, колку за потсетување, можеби не е на одмет да ги спомнеме сите нови посттранзиционо пасивизирани подрачја и региони во Република Македонија, за кои никој не може да најде ни објаснување ни оправдување.

Со Предлогот за донесување на законот за рамномерен регионален развој, се предлага воспоставување на плански региони, кои би се поклопиле со статистичките региони, согласно номенклатурата на ЕУРО-стандард. Според бројот на населението, Република Македонија спаѓа во групата на земји до 3 милиони жители и нашата национална политика на рамномерен регионален развој, може да се води во рамките на статистички региони кои опфаќаат од 150 илјади до 800 илјади жители. Постојните 8 статистички региони се појдовна основа за востановување на 8 развојни плански региони.

Ваквиот приод, веројатно е одбран заради можноста податоците од статистичките региони да се користат во функција на планирање на развојот. Постојните статистички региони формирани согласно европските стандарди, Европската унија ги препознава како олеснувачи во комуникацијата на Законот со европските политики. Законот впрочем, е еден од нотираните обврски на Република Македонија во моментот за европско партнерство.

Предлог-законот како што е пред нас, во прва фаза на собраниската расправа е исклучително сложен и комплексен. Идејата е во водењето на политика на рамномерен развој, целосно да бидат вклучени постоечките локални самоуправи. Планирањето на регионалниот развој, структурата на носителите на политиката на регионалниот развој, нивното функционирање и имплементирање на планските документи, просто наметнуваат партнерство помеѓу централната и локалната власт, но и неопходен партнерски однос или со невладиниот сектор, граѓанските здруженија, стопанските комори и бизнис секторот.

До следната примена на ова начело претставува гаранција за успешна примена на одбраниот полицентричен модел на развој. Законот предвидува формирање на структури на национално и на ниво на развојни региони, што би биле носители на развојот и тоа: Совет за рамномерен регионален развој на Република Македонија, Министерството за локална самоуправа , Бирото за рамномерен регионален развој, совети за развој на планските региони и центри за развој на планските региони. Советот на национално ниво се предлага да го формира Владата, а советите на ниво на развој на планските региони, ќе ги сочинуваат градоначалниците на општините во состав на соодветниот регион.

Рамномерниот развој би се планирал врз основа на повеќе нивоа на плански документи, а паралелно со носењето на законот, неопходна ќе биде подготовката на стратегијата за рамномерен регионален развој за периодот од 10 години.

Врз основа на стратегијата ќе се подготви и Програма за рамномерен регионален развој на Република Македонија за период од 5 години. Врз основа на оваа Програма, секој од планско развојните региони ќе подготви свој 5-годишен план за развој и Акционен план за негова имплементација, што ќе биде основа за подготовка на планови за развој на единиците на локалната самоуправа.

Оваа структура на носители и плански документи ќе обезбеди гаранција за интегрален и координиран пристап во водењето на политиката на регионалниот рамномерен регионален развој, во што партнерски би биле вклучени централната и локалната власт.  Предвиден е принцип на кофинансирање во планирањето, спроведувањето на политиките на регионалниот развој, користење на средства од Буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа, фондовите на Европската унија и други странски извори, како и средства од домашни и странски правни и физички лица. Кофинансирањето и проектниот пристап обезбедуваат поголема сигурност за реализација на целите за рамномерен регионален развој.

Законот овозможува создавање на кохерентен систем на структури и инструменти за водење на одржлива политика за рамномерен регионален развој, што треба да доведе до надминување на диспеританите помеѓу центарот и периферијата, намалување на економските и социјаланите диспаритети во развојот на поодделни подрачја и единици на локални самоуправи, намалување на разликите во квалитетот на живеење меѓу урбаните и руралните населени места, надминување на потенцијалните диспаритети на релација Исток-Запад и Север-Југ, зачувување и развивање на посебниот идентитет на планските региони, како и нивна афирмација на стопански, социјален и културен план. Економска и социјална консолидација на подрачја со специфични развојни потреби, како и во функција на заштита, унапредување и оптимално искористување на природното и создаденото богатство.

Законот ќе обезбеди поврзување на сите чинители во водењето на политиката на

рамномерен регионален развој и перманентно информирање за начинот и степенот на реализација на мерките и активностите утврдени по акционите планови на централно и локално ниво.

Начелото на транспарентност и јавност во планирањето и имплементирањето на регионалниот развој е еден од најважните услови во исполнувањето на очекувањата од овој закон.

Неспорејќи го беспрекорниот низ од принципи и начела и цели кои ги содржи Законот за рамномерен регионален развој се наметнуваат и повеќе дилеми од кој дел ќе расчити јавната расправа меѓу двете фази од донесување на законот, но дел ќе се појасни и корегира, веројатно, во практичната спроведливост на законската материја.

Можам да препознаат дел од овие дилеми уште во дефинирањето на дилемите и нивното поклопување, или преклопување со постоечките статистички региони. Ако науката во терминот регион препознава дел од просторот кој се разликува од околината во зависност од природните особености и ниво на општествен развој, дали постојните статистички региони во потполности ги отсликуваат овие научни одредници. Статистичките региони се формирани согласно европските стандарди врз основа на номенклатурата на ЕУРО-стандард. Според бројот на жителите, гравитациската припадност и комуникациската поврзаност, дали постоечките 8 статистички региони и тоа: Пелагонискиот со 9 општини и 238 илјади жители, Југоисточниот со 10 општини и 172 илјади жители, Вардарскиот со 7 општини и најмалу по број на население, дури под европскиот стандард за статистички регион, од 133 илјади жители, Источниот со 13 општини и 203 илјади жители, Североисточниот со 6 општини и 172 илјади жители, Скопскиот со 17 општини и 579 илјади жители, Полошкиот со 9 општини и 304 илјади жители и Југозападниот статистички регион со 13 општини и 222 илјади жители, ќе бидат во функција за надминување на постоечките разлики, ќе покаже времето што е пред нас.

Во секој случај, регионализацијата не претставува регионализам, ниту значи поделба и е конкретно во функција на дефинирање на функционални единици заради реализација на мерките за рамномерен развој.

Споредувајќи ја праксата за донесување на слични вакви закони, кои од 2000 година наваму ги донесоа некои земји кои неодамна станаа полноправни членки на Европската унија, а избегнувајќи ги замките на можните дневнополитички импровизации во дефинирањето на новите плански региони, може и не ќе беше лошо во овој закон да најдеме и појасно дефинирани критериуми во однос на регионалните динамики на економски развој, структурата на економијата, степенот на невработеноста, степенот на инфраструктурните потенцијали, демографската, социјалната и миграционата структуираност, географските посебности и други критериуми кои што би биле појасна одредница во дефинирањето на идните плански региони.

Дали можеби дефинирањето на критериумите што е стопански недоволно развиено подрачје, неразвиени планински краеви, или неразвиени селски подрачја, или индустриска развиена област и стопански напреден регион можевме да ги имаме и во овој Предлог-закон, најмногу заради високиот степен на консензус кој најлегитимно може да се постигне со широка парламентарна дебата.

Критериумите во секој случај и да се донесат со акт на Влада, или како инкорпориран дел на овој закон мораат да бидат донесени врз основа на строги согледувања и треба да бидат имуни од секаков политички волонтаризам. Посебно во делот на изготвувањето на стратегијата за развој, а најмногу во насока на една долготрајна употреба на локалните самоуправи да можат сами да ги дефинираат стратешките приоритети на локалните економски програми, бидејќи инкорпорирањето и балансирањето на така бројни и така различни програмски интереси, нема воопшто да е лесна задача.

Градењето на отворен и развоен партнерски однос, најнапред меѓу општините, а подоцна и меѓу регионите ќе биде процес кој ќе треба добро да се менаџира во оваа нормативна рамка што денес ја разгледуваме. Како во тој правец да се подобри и унапреди нормативната рамка за меѓуопштинска соработка, вреди ли во овој контекст да се иницира и закон за меѓуопштинска соработка, како нормативно, а посебно во пракса да се реализира дистрибуција на одговорностите во спроведувањето на рамномерен регионален развој, се се тоа дилеми кои уште на ова ниво на разгледување на законот ќе мора да ги појасниме.

Имплементацијата на европското право во оваа област, подготовката на оперативни програми за реализирање на прекугранична соработка, бара функционален механизам и партнерски систем на одговорности на многу нивоа.

Затоа сметам дека сите наши капацитети и ресурси треба максимално да бидат вклучени во овој процес, бидејќи остварувањето на овие програмски задачи е еден од најсигурните клучеви за отворање на западноеврпските врати за Република Македонија.

Во прилог на ова е и мојата поддршка на овој Предлог-закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитуван претседателе,

Ги слушнавме досегашните излагања на повеќе пратеници од сегашната позиција во Парламентот на Република Македонија, меѓутоа, не слушнав ниту еден критички осврт за нерамномерниот развој во Република Македонија.

Имено, овие 17 години, 10 години власта, односно Владата ја формираше Социјалдемократскиот сојуз. 7 години Влада формираше ВМРО-ДПМНЕ, значи, вината за сегашниот нерамномерен регионален развој, како што е во СДСМ, исто така голем дел од вината сноси партијата која што сега формира Влада, ВМРО-ДПМНЕ. Досега имаше обиди со Фонд за неразвиени подрачја, Биро за неразвиени подрачја, ридско-планински подрачја, финансирани инвестиции од страна на Буџетот на Република Македонија околу електрификацијата на села, конкретно 140 села беа електрифицирани во Република Македонија изминатите години, се правеа патишта, водоводи, улици итн., сепак, нерамномерноста во регионалниот развој се повеќе и повеќе одеше на страна на голем развој на Скопје и мал развој на внатрешноста од Републиката. Поради тоа, добрата обработка на законот за рамномерен регионален развој, второто експозе слично како експозето на министерот, исцрпно и од страна на колегата Шутаров, не значи постигнување на рамномерен регионален развој. Со самото донесување на овој закон е нешто веќе видено, само со друга терминологија, без никакви критериуми, слично впрочем, и како пред една недела донесувањето на Законот за енергетика, без критериуми, сега од денес да почнат големите 9 потрошувачи на електрична енергија, да почнат маратонски преговори со МЕПСО кој се да биде поумешен и да добие електрична енергија, нешто слично можеби нуди и овој закон, така да се надевам дека во наредните фази, во наредните дополнувања тоа ќе биде надминато. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави господин Насер Ајдини, повелете.

**Насер Ајдини:** Ви благодарам господине претседателе, почитувани присутни,

Во врска со Предлогот за донесување на закон за рамномерен регионален развој, сакам да презентирам неколку податоци од општина Липково, која учествува во мојата изборна единица од која доаѓам јас како пратеник.

На почетокот на оваа информација, сакам да ви кажам дека оваа општина е рурална општина и вкупно има 27.058 илјади жители, површина од 270 километри и со 18 населени места.

Клучните гранки на индустријата се: земјоделството, сточарството, малата трговија и обработката на дрво.

Во социјализмот, жителите од ова подрачје се занимаваа најмногу со одгледување на тутунот. Актуелно, оваа култура не се одгледуваа воопшто, поради познатите проблеми во врска со пласманот и откупот на тутунот.

Значи, како единствена дејност им останува сточарството со ситен и крупен добиток, продавајќи го произведеното млеко.

Оваа општина иако поседува доволни ресурси на вода, шуми и обработливо земјиште останува целосно неразвиена општина. Овде сакам да споменам неколку податоци.

Инфраструктурата е во бедна состојба. Сите улици на селата се каливи, вода нема во мозинството од овие села иако имаме две брани, канализација не постои во ниедно село, не постои ниту една млекара за откуп и обработка на млеко, не постои ниту еден индустриски капацитет за обработка на овошјето и зеленчукот. Можам да кажам дека економската состојба на оваа општина е бедна.

Во текот на конфликтот од 2001 година многу куќи и имоти, земјоделски имоти се оштетија тешко. Бројот на стоката на ситниот и крупен добиток се уништи, единствениот дом на културата се уништи и ден денес не е обновен овој дом на култура и може да се контатира дека не само за време на социјализмот туку како и пред конфликтот така и по конфликтот во оваа општина не е инвестиран ниту еден единствен денар. Поради оваа причина согласно приоритетите на Владата за да се создадат услови за рамномерен регионален развој и во функција на создавање услови за локален развој оваа општина треба да има предност и посебна грижа и да се стави како регион со посебни потреби, а не да остане и понатаму слепо црево на територијата на Република Македонија.

Овој закон поднесен од Владата не охрабрува дека се работи за една Влада која се залага за пристапување во Европа и интегрирање во северо- атланската интеграција и затоа ние како регион и посебно како општина Липково сме убедени дека оваа Влада нема да не маргинализира и во иднина на оваа општина ќе и овозможи колку толку да се помести од моменталната бедна состојба. Значи, од самата формулација на законот како закон за рамномерен регионален развој ни причинува, сакам да го поддржам без резервно овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван пртседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Би сакал и јас да се вклучам во расправата околу овој закон.

Прво, би сакал да кажам дека законот сам по себе започнува да регулира една материја која што е многу сложена и многу комплексна и една материја која што долго време во Република Македонија не била на дневен ред меѓу првите важни точки, веројатно поради процесите кои што мораше да ги поминеме претходно како држава за да стасаме до ова ниво и сега Владата нуди еден закон за рамномерен регионален развој како концепт во кој што во иднина треба да се движи развојот на поодделни региони согласно политиките кои што ние како Собрание и документите кои што ќе бидат донесени за рамномерен регионален развој ќе се детерминира

она што значи и локален и регионален, меѓутоа и развој на Република Македонија севкупно.

Мислам дека идејата е добра. За тоа се залагавме уште при донесувањето на буџетот, да се понуди концепт за рамномерен регионален развој, но лично мислам дека онака како што е предложен законот во првата фаза ќе отвори повеќе прашања за размислување и за коментари и мислам дека Министерството за локална самоуправа или Владата како предлагач ќе треба да направи добра јавна расправа, внимателно да ги сослуша забелешките и на пратениците и на другите стручњаци кои ќе бидат вклучени во јавната расправа по овој закон, бидејќи сметам дека предложеното законско решение може да претрпи многу измени и многу работи да се конкретизираат во него и критериумите да бидат многу појасни во поглед на одредени прашања.

Би сакал да прокоментирам некои од овие прашања и се надевам бидејќи министертот е тука ќе ги земат предвид при наредните фази при изготвувањето на Предлогот на законот за рамномерен регионален развој.

Во однос на планските документи со законот е предвидено да се донесат неколку плански документи, како што се стратегијата за регионален развој на Република Македонија, програмата за регионален развој на Република Македонија, план за развој на регионите и акционен план. Овие документи се наредени според рочната односно почнувајќи од најдолгорочниот документ кон конкретните документи кои што се однесуваат на конкретните активности кои треба да се преземат.

Она што тука кај мене предизвика внимание и за што би сакал да реагирам е дека скоро во сите овие документи, скоро во сите одредби во законот стои дека критериумите, методологијата и за распределба на средствата и за изготвување на планските документи некаде ги утврдува Владата, а некаде тоа ќе го прави Министерството за локална самоуправа. Лично мислам дека многу поквалитетно би се завршиле овие работи доколку се формира или работата се препушти на некое друго тело. За мене е поприфатливо тоа да го прави Бирото за развој на планските региони или за рамномерен регионален развој на Република Македонија кое што многу постручно и многупоквалитетно досега е навлезено во проблематиката околу рамномерниот регионален развој, а и многу податоци, многу карактеристики за подрачјатата знае и мислам дека далеку подобро ќе биде да ги изготвува, да биде јасно кажано во законот, методологијата и критериумите да ги врши бирото, а да ги достави до Министерството за локална самоуправа.

Исто така, стратегијата за регионален развој на Република Македонија стои дека ја усвојува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за локална самоуправа. Мислам дека истата е многу подобро да ја усвојува и Собранието на Република Македонија како стратешки документ кој што на долг рок ќе ги определи правците во развојот на одредени региони во Република Македонија и мислам дека со тоа ќе се даде еден нов квалитет во делот на оваа стратегија и во однос на основните принципи и начела за развој кои што ќе бидат предложени во делот на стратегијата.

Истата забелешка се однесува и за програмата за регионален разовј на Република Македонија. Мислам дека во програмата треба да биде вклучена и заедницата на единиците на локалната самоуправа, иако во доцнежните фази е предвидено конкретно за кои плански документи ќе ги изготвуваат единиците на локалната самоуправа, но врз основа на програмата тие ќе треба да ги носат своите планови за развој на планскиот регион, а исто така мислам дека е многу многу подобро доколку тие дадат свое мислење на ниво на здружение и околу програмата. Веројатно можеби министерот ќе одговори дека тоа е планирано, но добро е истото да стои и во Законот бидејќи ова е прашање кое што се однесува на сега двете нивоа на власт во Република Македонија, и на локалната и на централната власт.

Околу планските региони исто така би сакал да дадам свое видување. Добро е што Министерството се определило да почне од регионите кои што се утврдени со статистички потреби, но лично сметам дека времето ќе покаже дека многу поконкретно ќе треба да се навлезе во определувањето на овие региони посебно во делот на определувањето на нивните специфичности, посебни карактеристики кои можат да значат предност за нивниот развој и вака како што се дадени осум региони сметам дека на долг рок ќе се покаже дека за некои проекти предвидени во документите не ќе може да се реализираат токму заради тоа што според мое видување е мал бројот на регионите. Во тие региони има и посебни области кои што имаат многу поспецифични економски, географски, економски предиспозиции и кои што се сконцентрирани на одредено подрачје, на одредена област. Мислам дека ќе треба Министерството во брзо време да размисли да го прошири бројот на регионите водејќи се пред се од економските параметри или предиспозиции за развој на тие региони, потоа земајќи ги културните, географските, еколошките предизпозиции, затоа што колку поконкретно и колку поточно се утврдат можносите на одредени региони мислам дека толку полесно ќе може да се планира и долгорочно и среднорочно и краткорочно нивниот развој и дека овој закон со тек на време, или оваа концепција ќе почене да ги дава своите резултати.

Околу носителите на рамномерниот регионален развој лично сметам дека има предвидено многу институции кои што треба да се грижат за рамномерниот регионален развој и Министерството сериозно треба да размисли да го намали нивниот број затоа што не ја гледам поентата од постоење на совет за рамномерен

регионален развој на Република Македонија и мислам дека тоа е еден орган кој што ако е потребно некое стручно ниво, за жал тука немаме точни податоци кои се ќе членува во него, кој ќе биде неговиот состав, колку финансиски средства ќе бидат потребни за тој да профункционира, па е повторно препуштено на Владата што му дава еден централистички приот на овој закон, па мислам дека треба малку да се рашири тоа и а се вклучат повеќе субјекти во планирањето на рамномерниот регионален развој.

Мислам дека Советот не би требало да постои како орган особено што овде не го гледаме неговиот состав и не ги гледаме надлежностите. Надлежностите ги гледаме но нема конкретни активности кои што Советот би можел да ги врши, а кои што не може да ги вршат другите тела кои се предвидени во Законот. Значи, најголем дел неговата функција се состои во давање на мислење по однос на планските документи кои што ќе се изготвуваат по однос на актите и критериумите за распределба на финансиските средства, што е работа која што може да ја завршат и други органи внатре во Министерството за локална самоуправа. Мислам дека постоењето на овој совет само ќе го оптерети целиот процес на изготвување и на документите и на нивно спроведување во пракса кои што се однесуваат на рамномерниот регионален развој.

Исто така, мислам дека клучен орган кој ќе биде носител околу целиот економски рамномерен регионален развој ќе биде бирото за рамномерен регионален развој и тоа ќе треба Министерството сериозно да размисли и кадровски и финансиски да го доеќипира ова биро како би можело согласно новите предности да може многу поефикасно, поквалитетно да ја извршува својата функција, бидејќи во Законот јасно е дадено дека бирото ги изготвува сите документи кои што се однесуваат на рамномерниот регионален развој, како што се стратегијата и програмата, годишните акциони планови, годишните извештаи за имплементација на програмата, ја изготвува листата за подрачја со специфични развојни потреби, подготвува критериуми за степен на развиеност на единиците на локалната самоуправа. Значи, практично ги извршува сите работи кои се однесуваат на рамномерниот регионален развој, а кои што се внесени во Законот. Затоа многу повеќе треба да се заангажира Министерството кадровски и финансиски да го зајакнат бирото за рамномерен регионален развој. Ако сака министерот може да ви даде одговор дали смета Министерството дека е доволно кадровски екипирано бирото, дали може да одговори на овие предизвици и мислам дека е многу подобро тука да се сконцентрира активноста на Министерството и тоа да биде главен орган кое ќе ги координира и подготвува документите кои се однесуваат на развојот.

Во делот на обврските на Министерството за локална самоуправа, во член 19 став 3 мислам дека треба да се додаде уште една алинеја - еднаш годишно да поднесе извештај за спроведените мерки и активности во остварување на рамномерниот регионален развој во Собранието на Република Македонија. Да стои обврска дека Министерството или Собранието еднаш годишно ќе расправа по однос на извршените активности во делот на спроведувањето на стратегијата, програмата и плановите за рамномерен регионален развој, бидејќи ако Собранието го носи законот логично е да биде вклучено и во делот на спроведувањето на законот, документите и да врши еден вид мониторинг врз целиот овој процес.

Што се однесува до Советот за развој на планскиот регион сметам дека е добра идејата и мислам дека под услов, со оглед дека Министерството дали правилно ги утврдило регионите, мислам дека Советот заедно со бирото ќе бидат клучни носители на рамномерниот регионален развој и мислам дека Министерството треба посебно внимание да посвети и овој орган што побрзо во рамките на тој регион да профункционира, бидејќи со новите надлежности кои што се дадени со Законот за децентрализација знаеме дека општините сега се грижат и за локалниот економски развој, а како што зборуваа претходно некои колеги не можете вие регионите онака како што се админисративно определени границите и само до тука да важи надлежноста на локалната самоуправа, бидејќи има некои региони каде што од општина во општина има компатабилност во однос на одредени развојни програми и мислам дека добро е тоа да се издигне на ниво на Совет како би можело заеднички градоначалниците на тој регион, или на тие општини да ги разгледаат овие прашања и да постапуваат по нив согласно своите надлежности.

Исто така, мислам дека во делот на финансирањето на рамномерниот регионален развој треба да стои јасно во членот 28 дека најмалку 50% од капиталните инвестиции што се планираат во Буџетот да бидат насочени за рамномерниот регионален развој во Република Македонија и тоа ќе биде еден приоритет. Се надевам или во втората фаза на донесување на законот ќе го внесат како одредба во законот, затоа што се уште капацитетите на единиците на локалната самоуправа се мали и мислам дека потребно е за еден добар стар, за еден добар почеток на рамномерниот регионален развој во Буџетот оние средства што се однесуваат покрај на стопански недоволоно развиените подрачја и на инвестициите најмалку 50% да бидат предвидени за тој рамномерен регионален развој се со цел да почне што побрзо овие активности да се движат.

Мислам дека има многу проекти и идеи во општините и реоните, но она што најмногу недостасува се финансиските средства и финансиска подршка. Мислам дека скоро сите општини имаат свои стратегии за економски развој, имаат локални економски планови, имаат

отоврени канцаларии за локален економски развој, но вклучен фактор се финансиските средства за да можат да функционираат или овие проекти да почнат да се реализираат.

Сметам дека во изворите за финансирање на регионалниот развој, иако е предвиден Буџетот, треба да стои посебна одредба - се надевам министерот за локална самоуправа тоа ќе го усвои - 50% од капиталните инвестиции да се употребат за рамномерен регионалне развој. За жал, оваа година ја испуштивме приликата, голем дел од тие средства се планирани во три града, Скопје, Тетово и Охрид, додека другите градови на некој начин останаа надвор од овие средства.

Во делот на инструментите за поттикнување на регионалниот развој, мислам дека треба да се предвидат како извори на средства и привлекувањето на странски инвестиции, да можат да се вклучат тука покрај Владата и општините. Но тука се отвора едно големо прашање околу располагањто со ресурсите на општините, посебно со градежното земјиште. Ќе треба Владата постепено да најде начин за онаму каде што веќе има јасни проекит и планови да може во соработка со единиците на локалната самоуправа тој странски инвеститор да го привлечат и да се отстапи земјиштето и на општината, бидејќи самото спуштање на пониско ниво на проблемот значи поголема посветеност во однос на решавањето на истото и секоја општина сигурно многу повеќе е заинтересирана од Владата, иако не го спорам и делот на Владата да привлече странски инвеститор, да оствари економски развој во својата општина.

Добра е одредбата дека ќе се врши мониторинг и евалуација на сите овие документи кои се предвидени за рамномерниот регионален развој, но би сакал тука уште еднаш да потенцирам дека е многу битно да се вклучи Собранието на Република Македонија во тој дел и најмалку еднаш годишно да расправа за овие стратешки документи.

Исто така, би апелирал до Министерството или министерот малку подецентрализирано да го гледаат овој закон и не толку да бидат сконцентрирани на одлучувачката моќ во донесувањето на клучните документ кај Владата и Министерството. Мислам дека колку повеќе се обезбеди поширока поддршка на овој концепт на Владата од сите заинтересирани субјекти, толку подобро ќе биде и поголеми резултати ќе даде самиот рамномерен регионален развој и побрзо ќе почнеме да ги решаваме прашањата како што се развиеноста на Скопје во однос на периферијата, равиеноста на градските средини во однос на руралните средини во општините. Мислам дека тоа е еден комплексен и долгорочен процес, но колку побрзо почне и колку поголема поддршка се обезбеди од сите заинтересирани субјекти, толку шансите за успех и за што побрзо функционирање на овие мерки кои што ги предлага Владата, ќе бидат поефикасни.

Исто така, би сакал да се разгледа можноста, доколку е можно, во преодните и завршните одредби роковите кои што се планирани за профункционирање на органите и донесувањето на актите да можат максимално да се скратат, се разбира, не на штета на квалитетот, но добро е што побрзо да се формираат овие органи и тела и што побрзо да се донесат овие клучни документи, особено што, како што кажав, до сега и самата пракса покажала дека имаме одредени искуства и сознанија, но сето тоа треба да се стави во еден концепт и да почне да се спроведува како политика.

Во таа насока, ќе дадам поддршка за правата фаза. Се надевам дека забелешките кои ги изнесовме ќе бидат земени предвид од страна на Министерството и во втората фаза ќе имаме едно поквалитетно и подобро решение како Закон за рамномерен регионален развој. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Миле Пачемски, но пред тоа има збор министерот за локална самоуправа господинот Зоран Коњановски, повлете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Во теков на претходната дискусија во претходниот работен ден на Собранието и денес разговараме за потребата од донесување на ваков закон. Тоа е првата фаза и јас сум задоволен од дискусиите кои ги слушнав од сите дискутанти и од опозицијата и од позицијата и тука имаме консензус да донесеме едно вакво законско решение за да се води во иднина рамномерен регионален развој.

Би сакал нешто конкретно околу она што го нагласи пратеникот во својата дискусија да кажам. Имено, ние планираме кога ќе расправаме за втората фаза од законот, кога ќе разговараме за втората фаза, да имаме една општа дебата и да ги посетиме сите тие 8 статистички региони, кога ќе бидат поканети и пратениците и релевантни експерти и стручњаци за регионалната политика, стопанските комори и сите оние кои ќе можат да влијаат врз донесување на едно квалитетно решение. Јас знам дека во оваа фаза можеби намерно се оставени некои недоречености во самиот предлог се со цел да можеме понатаму тие да ги искомуницираме со самата јавност, сите оние кои сакаат да помогнат за подготвување на еден квалитетен законски проект.

Исто така, сакам да напоменам дека можеме да го донесеме и законот за рамномерен рагионален развој, а при тоа да не знеме како ќе профунционира. Многу побитно е после тоа во одреден период и рок после тоа да ги донесеме сите критериуми и подзаконски акти, а јас ве уверувам согласно програмата и планот на Министерството за локална самоуправа тоа ќе го направиме до крајот на 2007 година. Значи, рок декември, ќе ги донесеме сите законски подакти со цел да може да профункционира законот за рамномерен регионален развој.

Би сакал накратко да се осврнам и на она што беше кажно околу централистичкиот пристап. Јас навистина не гледам, меѓутоа, постои простор за дискусија каде во овој момент можеме да видиме еден таков централистички пристап во сите тие тела и органи и во Советот за рамномерен регионален развој и советите на плански раздвоените региони се директно вклучени единиците на локалната самоуправа со свои претставници. Значи, во советите на планските региони членови ќе бидат исклучиво градоначалниците на сите тие општини кои припаѓаат на планскиот, односно статистичкиот регион, а исто така во Советот за рамномерен регионален развој кој ќе биде на централно, односно национално ниво, тоа не е дефинирано со законот, меѓутоа, дискусијата тоа го наметнува и покажува и самата дебата тоа ќе го наметне, неопходно ќе биде присуството на претстаници на единиците на локалната самоуправа.

Инаку, околу надлежностите на самиот Совет за рамномерен регионален развој, бидејќи имаше едно размислување дека можеби не треба да постои таков совет, би сакал да кажам дека Советот ќе се залага да се усогласат политиките на рамномерен регионален развој со секторските политики точно со претставници на одредени министерства во самиот Совет за рамномерен регионален развој и сите тие плански документи кои ќе се носат во регионалните совети да бидат во согласност со макроекономската политика, со Националниот развоен план итн.

Околу Бирото за рамномерен регионален развој, тоа ќе биде во состав на Министерството за локална самоуправа и свесни сме дека треба навистина да се засили капацитетот во самото Биро, дури и во Министерството за локална самоупрва. Министерството за локална самоупрва брои 20-на вработени, а околу 12 -13 се со Бирото. Ако сакаме да имаме правилен пристап кон толку сериозна тема, навистина ќе мораме да сметаме на 20-ина нови вработувања, квалитетни луѓе кои ќе помогнат во изготвувањето на тие плански документи, мониторинг и евалуација на се она што е предвидено со самиот закон, а предвидено е согласно Програмата на Министерството за локална самоупрва, согласно барањето на Европската унија за јакнење на капацитетот околу Поглавје 22 за регионален пристап во водењето на политиката. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика за пратениците Марјанчо Николов и Роза Топузова Каревска. По три минути ќе биде, прво Марјанчо Николов, а потоа пратеничката Каревска.

Повелете, три минути реплика господине Николов.

**Марјанчо Николов:** Му благодарам на министерот. Очигледно дека за некои мои согледувања и Министерството има слични размислувања и се надевам дека во втората фаза кога ќе дојде Предлогот за донесување на закон истите ќе бидат внесени како одреди во законот или како членови и ќе значат подобрување на овој законски текст, кој што, како што кажа министерот е многу значаен и комплексен и ќе помине доста време додека успееме целата таа работа да ја ставиме во колосек и да почне да функционира во интерес на сите региони и во интерес на сите општини.

Она што стои како моја забелешка, мислам дека сепак премногу ингеренции има Владата околу целиот овој концепт. Можеби оправдано, можеби неоправдано, за мене лично е многу посуштински повеќе луѓе или засегнати страни да бидат вклучени во целиот процес, така ќе биде подобро, посебно при донесувањето на оние подзаконски акти кои во голем дел точно ги прецизираат критериумите, условите, методологијата и инструментите и во однос на распределбата на средствата и во однос на определувањето на нивото на развиеност на самите региони и внатре во регионите на подрачјата со специфични потрби, пограничните региони итн.

Сепак, би апелирал до министерто што повеќе да се намали таа надлежност на Владата. Сметам дека вклучувањето на другите засегнати страни е од суштинско значење е да успее овој рамномерен регионален развој и се надевам дека тоа ќе се направи. Околу регионите, исто така времето ќе покаже дека ќе дојде време кога ќе треба овие 8 региони што повеќе да ги разделиме согласно одредени економски предиспозиции на тие подрачја за нивен натамошен економски развој. Благодарам/

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ако министерот нема контра реплика, тогаш повелете госпоѓо Топузова-Каревска со вашата реплика, со вашите три минути.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министре.

Навистина би сакала да реплицирам само во еден сегмент со министерот, што се однесува на носителите на рамномерен регионален развој. За разлика од мојот почитуван колега кој претходно дискутираше дека Советот за рамномерен регионален развој не е потребно тело, напротив, сметав дека е добро што имаме еден ваков Совет. Но морам да бидам искрена и да кажам дека со овој Предлог за донесување на закон - инаку, начелно давам согласност, го подржувам Предлогот за донесување на закон, тоа би сакала на самиот почеток да го разјасниме - дека не е добро дефинирана улогата на Советот. Затоа, би требало во следната фаза, министерот особено да размисли околу тоа и со предлогот кој ќе го добиеме да добиеме поконкретни податоци како за бројот на членовите на Советот, така и за неговиот состав, дотолку повеќе што следува дека Владата на Република Македонија ќе го формира овој Совет и да не ни се случи повторно да имаме централизирани надлежности. Напротив, сметам дека во овој Совет да членуваат или да бидат членови што е можно повеќе луѓе од регионите кои ги претставуваат, а не повторно да бидат - сега најмалку би сакала оној синдром на поделба

овде повторно да го нагласам - од Скопје, меѓутоа, би рекла од централното ниво, напротив, да бидат од самите региони. Зошто велам дека ова треба да биде регулирано со законот? Дотолку повеќе што ако го погледнеме член 17, ќе видиме дека работата на Советот за рамномерен регионален развој ја помагаат комисии составени од експерти и тука веќе се дефинира од што ќе бидат составени комисиите, а при тоа го немаме составот, не е дефиниран составот на Советот за рамномерен регионален развој.

Исто така, би дискутирала нешто повеќе и околу надлежностите, но првенствено тоа ќе го задржам на овој Совет што го има, но тоа ќе го кажам во мојата дискусија.

Тука би сакала да кажам, се со една единствена цел што е можно помалку Владата да нема исклучителн влијание врз регионалниот развој, туку да ги дисперзира малку повеќе своите надлежности и дека е потребно во членот 19, каде што се дефинирани надлежностите на Министерството за локална самоуправа, да биде вклучено и Собранието што се однесува на годишните и повеќегодишните извештаи, кои ќе ги подготвува Министерстово, да бидат упатени на само до Владата, туку можеби би било добро да се разгледуваат и во Собранието, затоа што токму тука членуваат и има претставници од сите региони, има пратеници кои се претставници од сите региони.

Благодарам, мојата интервенција беше во оваа насока.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има министерот за локална самоупрва, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам претседателе.

Една од тие отворени работи која ја оставивме е и составот на Советот за рамномерен регионален развој и мислам дека е добро тоа да го искоментираме со стручната јавност и со единиците на локалната самоупрвава и со ЗЕЛС и тоа ќе го направиме во текот на овие неколку месеци кога ќе имаме повеќе дебати околу тој закон. Се согалсувам со тоа што вие го кажавте. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

На почетокот на мојата дискусија сакам да го искажам моето задоволство што има една таква идеја да се зборува за еден закон кој во иднина би дал еден рамномерен регионален развој во Република Македонија. Меѓутоа, во исто време да кажам дека моја обврска е да земам збор и да дадам подршка на овој закон како пратеник кој потекнува од едно подрачје, од еден регион кој се вбројува од еден од најнеразвиените во Република Македонија, а тоа е Малешевијата. Такви подрачја има и други во Републиката, како што е Мариовскиот крај, како што е Поречјето. Не се многу подобро развиени и оние подрачја во Републиката во кои гравитираат оние така наречени средно развиени по големина градови.

Како и да е, Република Македонија генерално кажано во изминатиот период беше заложник на една непланска политика во тој домен. Постоеше едно отсуство на национална стратегија за рамномерен регионален развој во државата и во државата постоеше така наречен моноцентристички модел на развитокот, односно во најголем дел се трупаше капиталот, се концентрираше во еден регион, тоа е Скопскиот регион, така што главниот град на државата стана еден од најразвиените во Република Македонија. Впрочем, тоа го покажуваат и податоците. Имено, 90% од сите инвестиции или повеќе од 90% од сите инвестиции кои беа стигнати во Република Македонија се сконцентрираа токму овде во главниот град на државата во градот Скопје. Во државата постојат неколку државни институции кои се одговорни за да го решат овој проблем, значи да постигнат колку може подобар рамномерен развој во државата, односно во регионите. Такво Министерство е Министерството за локална самоуправа, таква агенција или фонд е Бирото за стопански недоволно развините подрачја, такви се некои фондови кои во досегашната пракса не дадоа некои позитивни резлутати, значи имаше проблеми односно не ја исполнија адекватно својата должност.

Така посебен пример преку Бирото за недоволно развиени подрачја каде што тоа Биро имаше обврска најмалку 1% од општествениот бруто производ да пласира средства во регионите кои што се недоволно развиени. Меѓутоа праксата покажува дека наместо 1% до сега се пласираа од прилика 0,1% до 0,3% од бруто општествениот прозивод во Република Македонија. Постои и друга причина која што резултира со еден таков нерамномерен регионален развој. Имено, постоеше една несоработка, една недобра колаборација помеѓу централната власт и помеѓу локалната власт. Имено, често пати знаеме дека централната власт припаѓаше на една партија, на една политичка опција, додека локалната власт на друга политичка опција. Така што овде постоеше една прилично видлива несоработка и тоа беше причината за таквиот резултат. Како и да е, значи сите овие мерки што беа присутни во изминативе години во Република Македонија доведоа да создадеме региони во државата во кои што живеат луѓе, живее население, живее популација кои што имаат полоши услови за живот, имаат понизок животен стандард и заради тие причини тие луѓе беа принудени да ги напуштаат своите родни огништа и да заминуваат на печалба, или во поголемиот град во државата, односно главен град на државата Скопје, или во некои други држави од регионот и подалеку. Владата на Република Македонија и во изминатиот период и оние влади од 1998 година, па и пред тоа немаше некоја поадекватна политика во однос на помагање, односно примената на субвенциите пред се во поглед на

земјоделството и сточарството, затоа што овие подрачја пред се со тоа се занимаваат со земјоделство и сточарство. Значи Владата немаше некои стимулативни мерки да ги стимулира овие жители што живеат на овие подрачја на кој начин тие би стекнале поголемо богатство и би биле на некој начин задржани во тие недоволно развиени подрачја. Понатаму, имаше едно отсуство за недобра грижа во поглед на инфраструктурата, односно имаше патна мрежа која што во тие подрачја не беше доволно развиена и тоа пак резултираше со недоволна развиеност на тие подрачја. Еден типичен пример како државата си поиграла во изминатиот период со едно подрачје токму тоа е Малешевијата. Малешевијата во кои што спаѓаат општините Берово и Пехчево по територија, по површина е една од најголемите општини во Република Македонија, но една од најслабо населените во државата. Заедно во општините  Берово и Пехчево живеат околу 20 илјади жители, значи огромна територија, територија не само што е голема по квантитет, туку таа е голема и добра и по квалитет. Малешевијата е една од најубавите места во државата по своите природни богатстава, по своите шумски богатства, по своите пасишта, по своите површини идеални за одгледување на некои земјоделски култури. Тоа е место кое што изобилува со одлични услови за развој на  планинскиот туризам. Меѓутоа, државата до сега во тој поглед ништо не направила. На некој начин да кажам ни помогна Господ ние денеска грачиме, значи нашата општина Берово и општина Пехчево граничат со Европската унија. Често пати ние во нашите викенд прошетки кога одиме по тие наши Малешевски планини со голо око, не со двоглед, ја гледаме Европската унија која што е на неколку километри од нашата територија. Мутоа, границата е затворена, затоа што немаме граничен премин. Значи, од оваа страна ние сме гетоизирани и во поглед на таа источна граница на која што се сместени неколку општини единствено општините Берово и Пехчево немаат свој граничен премин за соработка со соседна Република Бугарија, односно со Европската унија. Сето ова резултираше во Малешевијата во минатите години имавме голема миграција на населението, имавме една стапка на негативен прираст на население, имавме страшен пад на наталитетот кој што изнесуваше скоро до три пати во однос на оној што беше пред 90-тите години.

Јас ќе го искажам моето задоволство дека донесувањето на овој закон кој се носи во две фази, на предната страница на овој закон стои симболот на Европската унија, што значи дека овој закон мора да се усогласи со оние закони кои што веќе постојат во Европската унија. И тоа е добро што мораме така да постапиме, затоа што знаеме дека сите земји кои се членки на Европската унија имаат свои стратегии, свои национални стратегии кои што се обврзани да имаат еднаков развој во целиот регион на тие држави што припаѓаат во Европската унија.

Во поглед на тоа кој да ја има примарната улога, дали централната власт, или локалната власт во идниот развој на државата, односно во развојот на тие региони. Мислам дека сепак, примарна улога би имала централната власт, затоа што таа е власта која што може да ги насочи тие директни странски инвестиции во некои региони. Значи, ако оставиме локалната власт да ја има примарната улога да се грижи за својот развој, таа нема таков капацитет, нема таква можност, затоа што за еден подобар развој, локален развој сепак се бара помош од некои субјекти кои што се во централната власт кои што ќе кажат: да, оваа инвестиција, овој проект, или оваа фабрика ќе ја насочиме во тој и тој регион со цел народот таму да се вработи и да не бега во Скопје.

Моите размислувања во поглед на тоа каде се наоѓа Македонија во тој регионален  развој, често пати се споредувам со една држава која што е слична на нашата, а тоа е Република Словенија. Велам, слична на нашата барем во поглед на површина и по број на жители. И сега видете ја разликата помеѓу Република Македонија и Република Словенија. Во Словенија главен град е Љубљана кој што има одвај преку 100 илјади жители, а со оглед дека има околу два милиони жители, значи во Словенија  една дваесетинка од сите жители во Словенија живеат во Љубљана. Во Македонија, Скопје има преку 600 илјади жители, значи 1/3 од сите жители во Република Македонија живеат во Скопје. Пред неколку месеци бев во Љубљана и тоа што ми падна во очи кога зборуваме за оваа тема, едноставно во Словенија сите подрачја се еднакво развиени. Имено, ниту Птуј, ниту Крањ, ниту Марибор, ниту приморјето не е помалку развиено од она  што е тесен простор околу Љубљана. Таму е една вообичаена слика во раните утрински часови од шест места во Љубљана влегуваат по разни автопати во Љубљана луѓе кои што работат, а живеат во тие соседни градови и после работното време, значи во попладневните часови тие пак ја напуштаат Љубљана. Љубљана има одвај 100 илјади жители. Мали се тие брендови, барем тие индустриски брендови кои што потекнуваат од Љубљана, меѓутоа големи се оние што потекнуваат од Крањ, од Марибот, од Цеље. Значи, тоа е еден пример како една држава може да пулсира, да живее рамномерно, складно, хармонично и добро како што е Словенија. Јас се надевам дека  со овој закон што ние ќе го донесеме во две фази и за кој што гледам дека скоро сите пратеници имаме позитивно мислење, додуша сега не ги чув мислењата барем на оние наши колеги пратеници кои што потекнуваат од Скопје, меѓутоа мислам дека и тие ќе се сложат со овој закон. Значи, овој закон гледам дека сите цврсто го поддржуваме и дека во иднина ќе даде свои позитивни резултати. Јас се надевам дека овој закон нема да биде само декларативен, значи да биде како што велиме мртво слово на хартија, туку навистина  тој ќе биде имплементиран во наредниот период. Јас не гаам илузии дека тоа ќе се случи веднаш штом ќе се

донесе законот. Илузорно е да речеме, ако сакаме еднаков развој на сите региони во државата, скопскиот регион да рече: еве, сега ние ќе стопираме и ќе ве чекаме вас вие да се развиете, па после заедно ќе кренеме. Таа постапка ќе трае години и години, да не кажам и децении. Но, како и да е ќе ја измени вообичаената денешна слика во Република Македонија. Тоа беа моите дискусии и мојата обврска да го поддржам тој закон. Значи недвосмислено да го поддржам законот, затоа што е во интерес и на оние граѓани кои што мене ме гласале, односно подрачјето од каде што потекнувам, тоа е Малешевијата. И се надевам дека во едни идни времиња ќе имаме подобри услови за живот, ќе имаме подобар стандард за живот и ќе немаме потреба да ја напуштаме Малешевијата.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи госпоѓа Владанка Авировиќе не е тука, збор има господинот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам претседателе.

Сакам да кажам неколку збора на мој наин, иако на некој можеби не му се бендисува. Јас мојата политичка кариера ја градев автохтоно, не бев во скапите политички школи од типот на Кумровец и останатото и не ме учеа да кажувам едно, да мислам друго, а да правам трето. И она што секогаш сум го кажувал ќе го кажам и сега. Подготвувајќи се за оваа седница за овој Предлог-закон за кој што сметам дека е добар и ќе го поддржам, и ако кажам каде мислам дека има одредени недостатоци и каде може да биде како еден од стоте пропагандни чекори на оваа Влада. Бидејќи кога како подготовка на овој закон носевме буџет и некои други законски акти, вршејќи ги реформите, мислам дури и дека го уништуваме и она малку што со овој закон се предвидува. Мое лично мислење е дека ова што го рече и претходниот колега, ние имаме дебаланс, диспропорција во развојот во Република Македонија. Денеска на еден состанок во оној контекст во тоа што го зборуваше претходниот колега каде што рече дека 30% од граѓаните на Република Македонија живеат во Скопје. Меѓутоа, тие истите остваруваат 70% во полнење на државната каса. Што значи дека имаме нерамнонмерна развиеност во однос на пропорција помеѓу број на жители и општествен бруто производ. Она што мене лично ме боли е тоа што, ако земеме и направиме една мала анализа да речеме од независна Македонија претходно беше премиер од Тетово, од независна Македонија од 1990 година наваму од неколкуте премиери само еден е роден во Скопје и тоа не е греда, не е ништо страшно. Меѓутоа тројца премиери до сега имало на пример од источниот дел на Република Македонија, а жалносно е што во источниот дел од Република Македонија немаме еден нормален пат, или автопат, почнувајќи од Скопје спрема Штип и спрема Струмица. Мислам дека со носењето на овој закон и со разработка со други законски и подзаконски акти ќе се создаде можност овој дел, на пример и Струмица која е за мене македонска Калифорнија во делот на можностите за производство на здрава храна и ако се направи еден добар пат и се направи аеродром, извозот на здрава храна кој ќе ја крепи тој регион и ќе ја крепи Македонија ќе биде реален. Знаеме дека конкретно најскапите продукти во светот се од таа органска храна и сл.

Западниот дел на Македонија е посебна приказна и ние скопјаните да немавме викендици во Охрид, јас немам за жал, или станови, верувам дека и патот ќе беше полош. И сега има мои колеги кои што носат измени во Законот за туризам, меѓутоа тоа е чиста козметика и шминка. И затоа реков, да не биде само еден од стоте чекори економска пропаганда на оваа Влада за што сакам да бидам демантиран со време и ќе ја признаам мојата грешка. По мене ние треба да донесеме посебен закон за туризам за градот Охрид каде што ќе се стопира, имавме пред некој ден една остра дискусија каде од нелегалната градба ќе се заштити Охрид и охридскиот регион заедно со Преспа, со Ресен, Битола и Прилеп, може и самиот да биде еден од изворите за развој на Република Македонија. Верувам дека и оние индустриски зони што ќе се прават ќе придонесат во делот на развојот во Република Македонија. Она што посебно боли кога зборувам за Западна Македонија е тоа што Галичник, Мариово, оние чисто исконски предели каде што може да се развие сточарството зјаат празни. Зошто е тоа така? Токму затоа што го рече и мојот претходен колега, од границата на Словенија до Љубљана им треба најмногу половина час, 45 минути возење. Јас сум сигурен дека и моите колеги што се од надвор за кои што минатиот пат во една реплика реков дека заборааат кога ќе дојдат тука, да се вратат. Јас сум сигурен дека ќе се враќаат. Прво јас не би живеел во Скопје во вакви услови, затоа што по една проекција од град кој во 2010 година требаше да има 380 илјади жители, веќе се движи до 700 илјади и невозможно е да се вози, да се живее, инфраструктурата е дотраана. И дури се јави и скопскиот градоначалник овој пат не со песна, туку со една убава изјава дека треба да се размислува Скопје да се направи затворен град. Значи, ако се направи патна инфраструктура, претпоставувам дека можноста за брза комуникација од Скопје до Штип, или до Тетово, Гостивар или до Струмица каде што за половина час или час ќе се стигнува секаде, верувам дека и најголемиот дел од граѓаните ќе остануваат таму. Инаку, за информација, како ние се грижиме за нас и за нашиот развој, пред малку спомнав веќе 70% од собраната царина, 75% од пласманите на Банката за обнова и развој и ако има прописи кои што забрануваат и бараат рамномерно распоредување, се распоредуваат во Скопје. Јас уште еднаш ќе кажам, ќе дадам поддршка за овој закон, со тоа само да напомнам, регионален развој нема ако на барањето мое како опозиционер и на повеќето од опозицијата кога

баравме дел од средствата наместо во големи велелепни објекти во Скопје да се трансферираат, ако се сеќавате кога зборувавме за Буџет, јас барав да се издвојат пари за патот до Кожув каде што има извонредни услови за развој на туризмот. Второ, уште поголема болка, не можете да ги развивате регионите ако со оваа реформа во здравството ги укинувате амбулантите и центрите кои што се во одредени средини. Така што, мислам за да не биде уште еднаш да се повторам без намера да предизвикам непотребни реплики само еден чекор од стоте пропагандни чекори ЕПП на оваа Влада, би сакал заеднички да поразговараме и да најдеме модус она што вие претпоставувам со овој Предлог-закон сакате сите краишта во Република Македонија подеднакво да се развиваат. Ако тоа го направиме, јас сум сигурен дека притисокот на доселување и останување во Скопје за кој што полека ама сигурни станува неподносливо место за живеење ќе биде поголем, а и граѓаните на Република Македонија сигурен сум дека ќе бидат посреќни во местата од каде што доаѓаат, да останат, затоа што и комуникацијата и животот во тој случај ќе биде многу полесен.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Дарко Димитриевски.

**Дарко Димитриевски:** Ви благодарам претседателе. Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитуван министре, почитувани пратеници. Донесувањето на законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија е повеќе од потребен и претставува обврска на Република Македонија за приближување кон европското законодавство. Диспаритетот, односн разликите во развиеноста помеѓу одделни региони во Република Македонија е очигледен. Имаме огромна разлика помеѓу одделни региони во Република Македонија во однос на нивнат аразвиеност од повеќе аспекти изразени преку густината на населението, невработеноста, ин вестициите, квалитетот на живеење и ред други разлики на одделните региони. Република Македонија е поделена на осум одделни региони и тоа: Вардарски, Источен, Југозападен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски регион. Скопскиот регион во однос на другите преостанати седум региони некако отскокнува и е впечатлива неговата развиеност во однос на другите региони. Во Скопскиот регион имаме најголема концентрација на насселение, но и најмала стапка на невработеност во однос на другите региони. Секако ваквата предност на Скопскиот регион се должи на најголемиот број на регистрирани стопански субјекти во овој регион, а тоа е директна последица на инвестиционите вложувања кои изнесуваат над 90% од вкупните инвестиции во Реоублика Македонија, само во Скопскиот регион. Со ваквата досегашна водена политика имаме голема разлика во развојот и инвестициите на главниот град на Република Македонија Скопје и Скопскиот регион во однс на другите градови и региони во Република Македонија. Меѓутоа голема разлика и диспаритет не постои само на Скопскиот регион во однос на другите региони. Разлика постои и помеѓи другите региони во однос на разни други сегменти, било да се работи за природни, економски, демографски, социјални и инфраструктурни карактеристики, како и разлика помеѓу урбаните и руралните средини кои разлики и диспаритет е очигледен во транзициониот период. Се појавија голем број на негативности, разлики и диспаритети помеѓу одделните региони токму поради немањето на нормативна рамка за уредување на прашањето околу регионалниот развој.

Почитувани пратеници, токму законот за рамномерен регионален развој ги разрешува сите овие проблеми и прашања за рамномерниот развој на одделните региони и обезбедува услови за рамномерен развој и намалување на разликите помеѓу одделните региони. За таа цел е предвидено со законот за рамномерен регионален развој да се јават неколку структури кои ќе обезбедат рамномерен регионален развој, а тоа се Министерството за локална самоуправа, Бирото за рамномерен регионален развој кој сега постои како Биро за стопански не развиени подрачја. Понатаму, формирање на совет за рамномерен регионален развој, совет за развој на плански региони и центар за развој на плански региони. Сите горе наведени структури си имаат свои органи, цели и задачи за намалување на диспаритетите помеѓу одделните региони, урбаните и руралните средини, центарот и периферијата, како и помеѓу внатрешните и граничните области. Рамномерниот регионален развој ќе се овозможи со донесување на плански документи, а тоа се стратегија за регионален развој на Република Македонија, програма за регионален развој на Република Македонија и план за развој на планскиот регион. Во сите овие плански документи се определуваат приоритетите и целите на рамномерниот регионален развој, како и временскиот период за остварување на развојот на одделните региони. Во законот за рамномерен регионален развој предвидени се изворите за финансирање на регионалниот развој, како и инструментите за негово поттикнување кое е нешто суштинско без кое тешко би се остварил рамномерен регионален развој. Исто така предвидено е и општините да имаат голема и значајна улога во спроведувањето на рамномерниот регионален развој и да водат поактивна политика при имплементирањето на истата. Со донесувањето на законот за рамномерен регионален развој Република Македонија ќе изврши усогласување на регионалната политика со регионалната политика на Европската унија и ќе се изврши намалување на развојните диспаритети помеѓу одделните региони во Република Македонија. Поради кое јас ќе го поддржам овој закон во оваа фаза и ќе гласам за него.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Шабан Салиу.

**Шабан Салиу:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер, како и останатите пратеници и јас сакам да кажам неколку збора во поглед на Предлог-законот за регионален економски развој. Донесувањето на овој закон е уставна обврска како што е наведено во самиот закон и основата и смислата е да се постигне рамномерност на регионалниот развој, соработка меѓу државата и единиците на локалната самоуправа при планирањето, соработка во спроведување на планови на програмата, јавност и транспарентност во планирањето. Преку овој закон треба да се овозможи обезбедување на услови за рамномерен и одржлив развој, надминување на постојните развојни разлики во одделни подрачја и зачувување на природните и културните вредности. Добро е што е при крај изготвувањето на планскиот документ, стратегија за регионален развој на Република Македонија која претставува основа за донесување на програмата за регионалниот развој на Република Македонија. Лично сметам дека освен во регионите треба да се води сметка за развој и на локалните единици, односно општините, дури и во одредени подрачја, односно населени места во тие локални единици. Особен пример за овој предлог е општина Шуто Оризари и населба Топаана која се наоѓа во Центар што претставува една контрадикторност во поглед на сето она што од нашите колеги нешто беше наведено дека Скопје е најразвиен град, односно спаѓа во регионот кој е најразвиен. Состојбата во општина Шуто Оризари иако се наоѓа во Скопскиот регион, иако се наоѓа во Европа, наликува на општина која се наоѓа некаде во Индија, односно со економски развој некаде околу 16-от век. Од тие причини, сметам дека при водењето на планирање за финансирање на рамномерен економски развој треба посебно внимание да се оддели на ваквите подрачја, односно на општина Шуто Оризари, а особено бидејќи е контрадикторно на она што го кажуваме, посебно да се води сметка дури за некои населени места за самите општини каде што се сметаат за развиени. Како таков пример можам да го наведам Тризла во Прилеп, Средорек во Куманово, Баирот во Битола, а особено она што е шокантно, излезот, патот на излезот од Битола спрема Ресен. Од тие приини мислам дека битно е нашата држава посебно да води стратегија не само за регионите и 90% од регионот да е во одличен развој, а 10% во катастрофален развој. Сметам дека е потребно во органите за спроведување на рамномерниот регионален развој треба да има претставници и од ромската заедница, особено во Советот за развој на планскиот регион, односно комисиите кои спаѓаат во нивна надлежност. Мислам дека во Центарот за развој на планскиот регион треба да се предвиди прием исто така на граѓани од ромската заедница кои ќе водат евиденција токму за развитокот на овие најнеразвиени населени места во општините каде што се сметаат за развиени во своите региони. Со оглед дека и времето истекува, јас тука би завршил.

Ви благодарам. Сум за донесување на овој закон, меѓутоа посебно да се води сметка и за општина Шуто Оризари, Топаана и населените места каде што живеат Ромите во субстандардни живеалишта.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,03 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани колеги, продолжуваме со работа.

Има збор пратеник господин Иванов Љубисав Ѕинго.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Благодарам потпретседателе.

Јас немам напишан говор, ќе зборувам вака слободно.

Прво, сакам да и оддадам признание на Владата што предложила ваков закон, а и на Министерството, затоа што се работи за една многу сложена и многу комплицирана работа и област, која понатаму ќе предизвикува големи проблеми и ќе бара огромни напори, за да може овој закон да заживее во праксата. А, дека навистина е тоа така, е случајот со сличните закони и одлуки што се донесуваат во другите земји и во нашето опкружување и пошироко, па ако сакате и во Европската унија, каде што што постојат вакви одлуки и решенија за развој на поедини земји, кои се членки на Европската унија или членки кандидати со користење на разни видови на фондови, пристапни, претпристапни итн. А, исто така и во членките на Европската унија, познати се на пример развој на регионите во една Италија, развој на неразвиените делови во Италија, како што се Сицилија, Сардинија итн, каде што државата со посебни одлуки, со посебни олеснувања и посебни решенија, практично ги разгледа тие региони.

Јас имам едно големо искуство во врска со Фондот на федерацијата во поранешна Југославија и Фондот за развој на неразвиените краишта на Република Македонија. Тоа искуство зборува дека за ваквите проблеми секогаш големи расправии се воделе, било да е тоа во сојузните органи, било да е тука во Македонија, во Собранието, во соборите на Македонија и тогаш како што ви е познато не постоеше повеќе партиски систем, меѓутоа регионите и општините практично дејствуваа како партии во расправите по овие закони, нарочно во смисла на прогласување на степенот на развиеноста и на региони и на општини. Тој проблем, отсекогаш бил голем и тогаш и покрај тоа што банките беа државни, претпријатијата општествени, државата каде што имаше огромно влијание итн, се јавуваа

огромни проблеми и судири во однос на користењето и прогласувањето на степенот на развојот на општините во Република Македонија.

Ова го зборувам од причини што во законот мора да се поставаат точни критериуми, детално разработени и во однос на развојот на еден регион, во однос на вработувањето, во однос на бруто производот, во однос на иселувањето од тој регион на граѓаните, луѓето итн, со што практично ќе се постави степенот на развојот на тој регион. Сега, во регионот мора да се разработи степенот на развојот на општините. Практично, во законот, како Нуклеус на развојот на регионот, треба да стои општината, локалната самоуправа.

Од тие причини ќе има големи проблеми и во советите во планските региони, каде што ако не се дефинирани овие поими, може да се блокираат работите на тие совети. А, ќе бидат проблеми и во советот на регионите и тука мора да има и покрај тоа што ние зборуваме за пазарна економија и за слободни економски процеси, мора да има одлучувачка улога Владата и покрај тоа што се залагаме за децентрализација. Исто така, значајна улога има и овој Парламент, заради деблокада на тие совети. Во исто време Бирото кое се планира да се формира, тоа мора да располага со доста кадри низ кои практично ќе се проценуваат вложувањата во регионот или во општината.

Меѓутоа, овој закон нема да има своја применлива вредност ако него не го следи финансиска реализација. Бидејќи, сега ние имаме приватно стопанство, приватна економија, некој ќе биде заинтересиран да реализира средства во неразвиена општина или во некој регион, само ако има висок економски интерес.

Според тоа, треба да се формира еден фонд и тоа од сигурни извори да се полни тој фонд, дали тоа ќе биде одреден процент од профитот од кој што ќе се создава во државата, дали тоа ќе биде одреден процент од личните доходи или ќе биде од вкупниот приход итн, тоа треба во втората фаза Министерството кое го предлага овој закон и Владата, не тој фонд да се полни само од Буџетот, туку да се формираат сигурни извори на средста и тие средства не да покриваат некоја инвестиција комплетно, туку да се користат од степенот на развиеноста со одреден процент во заокружување на инвестицијата. Некои општини во некои региони ќе биде 15%, некаде 10%, некаде 20% итн, од тоа каков е степенот на развиеност на таа општина, на таа локална единица. Исто така, овие средства би требало да се користат за осигурување на инвестициите, нарочно во земјоделството, во лесната индустрија, тоа значи во текстилната, во кожарската индустрија, во дрвната индустрија итн, кои што не се високо доходовни, но кои во исто време вработуваат голем број на луѓе. Тоа посебно кај земјоделството, каде што инвеститори се практично индивидуалните земјоделци. Ако ја погледате картата на Македонија, Господ богатството го поделил по региони.

Одредеби региони се богати со метални минерални суровини. Одредени региони располагаат со огромни природни услови за развој на земјоделството. Одредени региони имаат концентрација на човечкиот високо квалификуван потенцијал, кој може да се искористи за специјално производство, за високо технолошко производство, за специјални услуги итн. Такви региони се таму каде што се концентрирани нашите универзитети, таму каде што е концентрирана науката. Одредени региони имаат можности за развој и на планинскиот и на летниот туризам. Други региони располагаат со друга суровинска база. Во таквите региони, за да се искористат тие суровински можности, во стратегијата, во развојот, треба да се предвидат развојните потенцијали по региони. Ние имаме стратегија за развој на Македонија правени повеќе стратегии и од Академијата за науки, разни влади правеа, разни други институции, но тоа беа се така да кажам работи кои немаа практична примена, кои повеќе имаа теоретска основа. А, од теорија без капитал, без финансии, без пари, без идеи, без луѓе, тешко се остварува некој развој. Имавме периоди во Македонија кога располагавме со голем број на средства, било од Фондот на федерацијата, било од републичкиот фонд. Меѓутоа, немаше идеи, немаше проекти, немаше студии и сега ќе се судриме со тие проблеми и сега ќе се случува да се дуплираат капацитети. Ако недоволно во Бирото за развој на недоволно развиените региони и во Бирото за развој на регионите, не се концентрирани квалитетни, чесни луѓе, кои практично со своите знаења и со својот квалитет укажуваат на поедини иницијативи, кои што не можат практично после реализацијата да носат доход и профит, за да можаат инвестициите да се враќаат.

Добро е што овој закон се носи во две фази. Во втората фаза треба да се пристапи многу сериозно кон практична примена на законот, па да се изврши симулации било на регион, било на некоја локална единица како тој закон може да се примени и кои проблеми и кои работи практично би се судриле во неговата реализација.

Јас гледам тука со каков ентузијазам се зборуваше, меѓутоа сакам да кажам дека мора многу реално да се пристапи на целата оваа работа, затоа што таа е многу тешка, многу сложена. Затоа што, за овие 15 години имавме с тратегии, како што регов, а немавме развој и затоа што искуството зборува досега што го имаше Македонија, дека ефектите се многу големи ако располагаме со соодветни решенија, квалитетни решенија, квалитетни закони, а тоа искуство зборува затоа што со развојот на неразвиените подрачја, ние прво успеавме во Македонија, многу општини да ги извлечеме од неразвиеноста до 90-тите години. Да ја запреме миграцијата од тие општини према градот Скопје, Куманово, Битола, Прилеп итн. Искуството со Словенија кое што беше спомнато тука, тоа е многу значајно, тие ги развија на микро план, дури и своите села, своите поголеми места, комплетно

го задржаа народот на целата територија и на овој начин ние треба да ја ставиме во функција секоја педа на земја во корист на функција. И со развојот на сточарството, и со развојот на земјоделството, и со развојот на индустријата, и со развојот на преработувачката индустрија која што ги користи тие потенцијали со кои што располага Македонија.

Да завршам, законот со се срце го поддржувам. Владата нуди еден исклучително потребен закон, не би рекол квалитететн, потребен, кој треба до втората фаза многу детално да се разработи. Да се отворат расправи во  економските институти, па ако саката повторно и во Академијата на науките, невладини организации, Комората, поголемите системи во државата итн, за да во втората фаза добиеме многу поквалитетет закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам и на вас.

За збор е пријавен господинот пратеник Трајанов Павле. Тој не е присутен во салата.

Сега, имам збор јас.

Почитуван заменик  министре, почитувани колеги пратеници,

Ќе се обидам сосема на кратко да дадам мое видување односно овој законски проект, бидејќи во четвртокот, а и денска, гледаме од расправата дека навистина овој закон побудува интерес, кај нас пратениците, без разлика од која политичка партија доаѓаме, и без оглед од кој регион во Република Македонија што е зацртан со Анексот што го достави Минситерството, од кој што доаѓа пратеникот.

На почетокот само би сакал да кажам дека е ова пример на закон како треба понатаму ние, па и Владата, а и ние како пратеници, да се однесуваме. Ова е еден од законите што е со амблемот, со знакот на Европската унија, што значи наше усогласување со законите од Европската унија, односно обврската што сме ја превзеле како држава. Впрочем и една расправа, што се покажа доста продуктивна, без оглед на размислувањата и ставовите што секој поединец, овде во Собранието ги има, дека навистина има потреба од донесување на овој закон.

Јас само би апелирал до Владата да продолжи со вакво темпо. Да ги носи законите во редовна процедура, како што впрочем и сите ние овде, колеги пратеници бараме, да има широка јавна дебата за секој законски проект, со што прво ние како пратеници ќе можеме да гокажеме своето миселење, па потоа и целокупната македонска јавнсот. Затоа го поздравувам чинов на носење на овој закон и начинот на кој што Владата реши да гоноси ова законско решение.

Успеав да консултирам одредени текстови, што биле пишувани месеци наназад во нашите медиуми, преку интернет, да видам што всушност се говорело по однос на овој закон ишто всушност се пишувало за овој закон. Пред мене го имам прилогот што го доставивте како Минситерство за локаона самоуправа, дополнително, пред почетокот на претресот. Секако и ова што беше стенограм од излагањето на министерот за локална самоуправа во четвртокот, кога почнавме со расправа по однос на овој закон. Пред мене имав можност да го слушнам и господинот Иванов, пратеникот, неговото одлично излагање. Многу работи што, можеби, јас ги мислев за овој закон, ги слушнав токму однего и не е добро да се повторуваме и да го одземаме времето, бидејки гледам на мониторот дека има добар број на пратеници кои сакаат да го искажат своето размислување по однос на овој закон.

Мотив, пред се, кај мене беше реченицата што ја кажа министерот за локална самоупрва во своето излагање и ќе ја цитирам: “тоа придонесува денеска многу малади луѓе да размислуваат исклучиво да се префрлат во главниот Град на Република Македонија -Скопје. Тие размислуваат денес дека е тука иднината, дека е тука шансата за нив и тоа е голема опаснсот, голема опасност не само за другите делови на Република Македонија, туку и за Скопје”.

Да бидам сосема искрен и отворен, сосема го подржувам министерот во тоа размислување. И моето чувство е дека годинина назад огромен потенцијал на луѓе, кадри, малди па и повозрасни, ако сакате, се определуваат да ги напуштат своите општини, помали и да дојдат овде, во главниот Град на Република Македонија. За цело ова време, бил и примерот што го посочува министерот, споредбата со Љубљана, што за сите овие години останала иста по бројот на жители, а во Скопје бројот драстично се зголемил, покажува дека во Република Македонија единствен напредок во таа насока или развој, ако сакате регионален, бележи токму главинот Град на Република Македонија, за уштрб на другите општини. Претпоставувам, ако сакате сум сигурен дека овој закон токму ќе оди во таа насока. Токму главната цел и поента на овој закон е тоа да успееме да направием  навистина рамномерен регионален развој и токму тие млади луѓе за кои зборуваше и самиот министер и сите оние во наредниот период кои би размислувале во таа насока да ги задржиме во своите општини, во своите региони.

Затоа, во едн весник прочитва наслов “Во Скопскиот регион се слеваат 80% од инвестициите во Република Македонија”. И тоа е предизвик и тоа ја поткрепува токму изјавата на господинот министер. Предизвик и за оној кој сака да инвестира, предизвик и за оној кој сака повеќе и за оној кој сака да добие шанса е токму главниот Град. Апсолутно, изјавата оди во таа нсока. Секој се определува да ги напушти своите региони, своит еопштини и да дојде да живее во главниот Град на Република Македонија, за  што јас мислам дека е претесен да ги прими сите.

Потоа ќе прочитав еден друга нслов или текст, кој исто така, за разлика од првиот ме радува “Источна Македонија ќе лови инвестиции”. Се кажува “Источниот дел на земјава треба да прерасне во организиран регион што ќе може да

привлекува атрактивни страски инвестиции. Оваа идеа доби поддршка од градоначалниците на 23 општини". Тоа е добро и тоа е за поздравување. Верувам дека ќе успее, посебно со ова решение што ќе се донесе на крајот, во својата втора фаза, да биде во полза на ваквата идеа на тие 23 општини што се организирале во Источниот дел на Република Македонија. На интернет гледаме, односно забележав дека министерот за локална самоуправа со месеци наназад оди по општините, ги посетува секоја општина пооделно, претпоставувам, разговара токму за ваквите проблеми.

Да не должам многу, апсолутно е јасно дека како пратеник давам подршка на ова законско решение. И мојата пратеничка група на НСДП апсолутно стои зад овој проект. Но, јас, во Законот, искрен да бидам не видов како во принцип се организирани регионите по бројот на општини. Бидејки ова го добивме подоцна, пред самата дебата (ја покажува мапата), а внатре во документот само стои дека секој од регионите е врз база на бројот на жители што како пример да го земам мојот регион, од каде што јас доаѓам, мојата општина, претпоставувам според оваа карта е Северо-Источниот регион, број 182.787 жители. Јас немам увид која друга општина е дел од овој регион, односно од општината од која што јас доаѓам, општина Куманово, што претпоставувам дека е во овој регион.

Гледам дека скопсиот регион е најмал по површина. По број на жители дури 578.144 жители. Највероватно тоа се должи, односно цитатот што го извадив од излагањето на минситерот за локална самоуправа, на тоа се должи и дел од изјавите што се присутни во медиумите дкеа Скопеј, како главен Град привелкува 90% од инвеститорите на таа територија што вие сте ја означиле како Скопски регион.

Затоа сакам да апелирам, бидејќи во законот, искрено, ако сум згрешил, не сум видел, како тоа изгледа по број на општини. Не знам дали тоа бил главниот параметар, бројот на жителите, но чисто ме интересира како тоа изгледа по бројот на општини, што се дле од овој регион.

Претпоставувам дека откако ќе ги чуете разислувањата, на нас како пратеници, секој пооделно, од својата општина,од регионот од кој што доаѓа, ќе успеете во периодот што селди помеѓу двете фази да ја слушнете јавноста на било кое ниво, експертско, научно или како сакате, секој кој е засегнат, кој има интерес да биде дел од овој законски проект, тоа ќе успеете да го имплементирате во текстот. Тој текст, пред се, јас би сакал, да бидам искрен, да биде усогалсен за нашите граѓани. Да биде усогласен за нашите граѓани тие да можат да ги почувствуваат бенефитите од овој рамномерен регионален развој, што има за цел, според мене, да го растовари и главниот Град на Република Македонија. Бидејки имав можност во Франција, во областа Клингентаун, некаде околу Стразбург да видам како тоа на површина од 40 километри претставува една винарска област, како е тоа организирано. Всушниост тоа е рурална средина. А, кога ќе направите споредба со некоја наша рурална средина, апсолутно не можете да ги споредите. Затоа, претпоставувам дека целта на решениево законско е токму тоа.

На крајот, почитуван заменик минситре, бидејки можеби имав некои прашања и дилеми што сакав да му ги псотавам на минситерот, бидејки имаше опширно излагање, а претпоставувам дек аод објективни причини не може денеска да присуствува на оваа дебата, сакам само да апелирам, откако ќе ги сослуШате сите, откако ќе го доставите проектот вовтора фаза и претпоставувам на климата ид ебата што е овде, ќе го донесеме сите, ќе гласаме сите рпатенички групи, сите колеги пратеници за овој проект, дека тоа што го кажа и господинот Иванов Ѕинго ќе заживее во пракса. Ќе добие своја шанса во пракса, за што е и наменет. Бидејки многу, многу наши закони, квалитетно напишани илиусогласени, остануваат, акос акате, само слово на хартија. Тие не добиваат шанса во пракса. Можеби тука е најголемиот проблем на Република Македонија како држава.

Затоа верувам дека ова, за што сте го предвиделе и ни го давате на нас пратениците да се изјасниме, на крајот вие, како извршна власт, ќе успеете да го имплементирате комплетно вопракса, на цела територија на Република Македонија и овој проект да добие своја шанса. Јас ќе повторам уште еднаш, апсолутно, пратеничката група на НСДП дава поддршка на овој проект. Ви благодарам.

Дали некој се јавува за реплика? (Нема)

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Кондарко Борис, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Во врска со доенсувањето на овој закон за рамномерен регионален развој, дека е добро кога сме кај оваа тема дискусијата да се започне со едно потсетување до Владата, за нешто што смао беше на дневен ред пред неколку недели овде во Собранието, кога од група пратеници од СДСМ, од опозицијата беше предложен Предлог на закон за измена и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Таму, СДСМ бараше токму за подобрување или за зголемување на регионалниот развој, односно на единиците на локалната самоуправа, на општините, зголемвуање на зафаќањата од Централниот буџет, што ќе се распределат на општините. Конкретно 3% на ДДВ да се зголеми на 4,5%.

Намерно ова го спомнувам, затоа што тогаш сите имавме можност да ја видиме реалната определба на Владата визави поднесувањето на овој закон, колку таа навистина е подготвена да направи нешто поконкретно за развој на

општините, за погоелм развој на општините. кога Владата се соочи со конкретен предлог, што значи повеќе пари за инвестирање и развој наопштините, Владата немаше политички слух, немаше желба да го прифати тоа. Сега, еве, денеска ни нуди една нов закон што, иако како што е наведено во причините за донесувањето на законот, како образложение, во ред е констатацијата дека во Република Македонија односите во оваа област не се интегрално уредени, дека треба да постои ваков закон, тоа е се во ред. Меѓутоа, содржината на овој закон не нуди ништоконкретно. Владата не нуди никакви активни мерки, не нуди никакви гаранции дека со спроведувањето, ако се спроведе, ова што е замислено во овој закон, дека нависитна ќе има чекор напред за побрз и почувствителн развој на општините и на локалната самоуправа.

Мислам дека, ако овде, во законот, како извори на финансирање на прво место е ставен Буџетот на Република Македонија, тогаш коај е логиката без пари вие да сакате да подобрите нешто и да го зголемите развојот. Вие од Буџетот не дадовте пари да се зголеми зафаќањето во однос на ДДВ за финансирање на локалната смаоуправ,а а овде во овој закон се повикуате токму на Буџетот. Нема логика во она што го правите и она што имате намера да го претставите како некоја реформа.

Понатаму, за тој закон што пред неколку недели беше предложен во Собранието, за зголемвуање на издвојувањето на средства за развој на општините, Владата воопштоне даде свое миселње. Иако според Деловник не ја оспорувам процедурата, беше во ред, меѓутоа за така значајно прашање, Владата не требаше да остане пасивна и да не се вклучи водебата во однсона тоа прашањер што предизвика голем интерес во Собранието. Имено, ние сме сведоци дека Владата за многу понезначајни прашања или за прашања што не треба да се инволвира, се меша во работата на законадвната власт. Сега, тоа го премолче и не сакаше да учествува во таа дебата.

Како и да е, колку овде, во овој закон да звучат оптимистички, овој концепт на законот, оваа структура, мерки, целиот систем што е предвиден вовој закон, сепак, до колку Владата не обезбеди пари, не нарпави подобра локација за изворите, потрошувачката и распределбата на средствата од Буџетот, бидејки се повикувате како главен извор на финансирање, Буџетот, нема многу да постигнете и нема да биде многу голем ефектот од овој закон.

Затоа и она што беше кажано од претходните пратеници, мислам дека го спомна господинот Љубисав Иванов кој има доволно искуство од оваа област, значи не е доволно само да се предложи нешто еуфорично, дека е нешто ново, дека нешто ќе подобриме, меѓутоа, реално овој систем кој го нуди Владата е многу сложен, за тоа да се стави во функција и тоа да предизвика позитивни ефекти. Значи, одговорноста на Владата за имплементирање и за заживување, за активирање на целиот овој систем и структура на разни органи и тела што ќе се формираат за имплементација на овој закон, почнувајќи од советите, планските региони итн, е многу сложен.

Значи, сето ова да функционира, ќе треба не само пари, туку и огромен политички напор и пред се, политичка волја од страна на извршната власт. Значи, не можеме туку така да го донесеме овој закон и да се пофалиме дека сме направиле не знам каква реформа и да се пофалиме со тоа што е донесен закон на кој стои знаменцето на Европската Унија. Ќе го оправдаме знаменцето на Европската Унија овде, ако овој закон при спроведувањето даде ефекти. За тоа, се разбира, најодговорна ќе биде Владата.

Мислам дека овде некои работи што се дадени како причина и образложение за донесување на законот во воведниот дел, Владата и без донесување на овој закон, доколку навистина, имала јасна политичка волја да направи нешто за подобрување на развојот на општините, можела тоа да го направи и пред донесувањето на овој заон. Значи, самиот предлагач наведува овде дека и досега Владата ги утврдувала критериумите за распределба на средствата за регионалниот развој и досега Владата со нејзина одлука се издвојувале средства за одредени намени. И досега постоело Бирото за недоволно развиените подрачја и досега постоел Законот од 1999 година и претходно од 1994 година, кој ја регулирал оваа материја. Закон за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја. Значи, прашањето е покрај парите и политичката волја и решеноста на Владата да има навистина, рамномерен регионален развој и дали овој закон ќе се спроведе. Што ја спречувало и оваа Влада и претходните пред оваа Влада со постоечките механизми, со постоечката законска регулатива да ги врши успешно тие работи, да имаме побрз и подобар и порамномерен регионален развој. Значи, не е оправдување дека не сме имале досега ваков закон, па не сме направиле многу или доволно за регионалниот развој. И оваа Влада, актуелна, се разбира, дел носат и претходните влади во одредена мерка, сега не се предмет на анализа претходните влади, туку, поентата е дека и без овој закон, доколку се имало политичка волја да се направи нешто повеќе, можело тоа да се направи. Зошто не е ставено во функција постоечкото Биро за недоволно развиени подрачја? Зошто не се користеле сите механизми кои ги давал постоечкиот закон за поттикнување на развојот на недоволно развиените подрачја. Сигурно и тие поранешни пратеници, кога ги носеле тие закони, мислеле нешто добро и позитивно дека може со таа постоечка регулатива да се подобри регионалниот развој. Значи, само по себе овој закон кој е исклучително сложен, напоменувам, тука Владата има голема одговорност за спроведување,ќе биде многу тешко да се ефектуира и навистина да се почувствуваат вистинските ефекти. Во ред, како концепт треба

да постои, треба интегрално да се регулира ова прашање во оваа област, меѓутоа, предизвиците ќе бидат големи. Мислам дека само по себе законот како нов закон, нема да биде гаранција дека ќе имаме подобар и побрз регионален развој.

Понатаму, нешто што е мног битно во овој закон, а и во некои други закони, кога предлагач е оваа Влада, мислам дека наместо трендот на децентрализација и пренесување на надлежностите локалните самоуправи да одлучуваат повеќе за својот идеен развој, се прави спротивното и оваа Влада сака да го централизира и да го држи под своја контрола и овој процес преку некои решенија во овој закон.

Имено, во Главата 5, каде што се наведени носителите на рамномерниот регионален развој, се наброени прво, Советот, Министерството за локална самоуправа, во чиј состав е Бирото за рамномерен развој , еден вид пандан на сегашното Биро за недоволно развиени подрачја, понатаму Советот за развој и Центарот за развој на планскиот регион.

Почнувајќи од највисокиот субјект, како носител на регионалниот развој, а тоа е Советот, Владата овде става рака, односно ги поклопува своите ингеренции кај овие органи со ставање на контрола и на тој начин го централизира овој процес и овие субјекти.

Имено, наместо надлежностите на Советот, неговите ингеренции и самиот состав на Советот кој е главен носител на рамномерниот регионален развој да биде предмет на регулирање на законска материја, каде што пообјективно, независно од тоа од која власт ќе се утврдат критериумите, ќе се утврди составот, наместо тоа да се направи во самиот закон, Владата остава можност за свое влијание во овој процес и предвидува дека таа е таа што ќе го формира Советот, персоналниот, таа е таа  што ќе ги определува неговите ингеренции и таа е таа што ќе ги определуванеговите надлежности. Мислам дека ова ќе има за резултат преголемо мешање на Владата во овие процеси, т.е. потенцијална опасност од политичко инволвирање на Владата и во овој процес.

Ова го кажувам и од причини што кога ќе се погледнат и другите членови, на пример членот 12, каде што е предвидено дека критериумите за пресметување на степенот на развиеноста на единиците на локална самоуправа и планските региони се утврдуваа со акт на Владата. Значи, и тука Владата доминира.

Понатаму, класификацијата на единиците на локалната самоуправа врз основа на кои ќе се прави распределбата на средствата повторно се определува со акт на Владата. Мислам дека недозволиво е во сите сфери Владата да биде на овој начин толку директно инволвирана. Да нема сустен на чекен баналс, на контрола, да нема систем на одредено вреднување на мислењето на локалната смоуправа на Парламентот, што е уште позначајно. Никаде во овој закон, тоа треба да го имате предвид, не се спомнува за ниедна работа улогата на Парламентот. И стратегијата и класификацијата и критериумите, се е под ингеренции на Владата. Се е под капата на Владата. Па дури и Владата во Советот како главен носител ќе го замеша своето влијание при определувањето на персоналниот состав, неговите суштински надлежности.

Мислам дека овде треба да се консултира и локалната самоуправа преку ЗЕЛС, да се констултираат експертите. Има време, оваа е прва фаза, добро е што е прва фаза. Ние за дел од овие забелешки говоревме, беше присутен и министерот на Законодавно-правната комисија, имаше конструктивна расправа. Се надеваме дека ќе бидеме правилно сфатени за да се објективизираат некои односи, поставеноста на органите , надлежностите, обврските во законот помеѓу органите, за да имаме подобар ефект, независно од тоа кој е на власт или какво влијание сака да има во единиците на локалната самоурпава, посебно затоа што и во минатото сме имале случаи и денес имаме случаи, каде што зависно од која политичка партија се одредени градоначалници, некогаш имаат подобри, а некогаш полоши услови за остварување на локалниот развој.

Мислам дека овде во котекст на ова и во наредниот член се говори, во членот 17 во ставот 2, дека и Владата ги основа и за финансирањето и за работата комисиите на Советот, како прв носител од органите на регионалниот развој, повторно одлучува Владата. Дури и за помошните тела на тој Совет, како што се комисиите, значи некој кога ќе стави контрола на финансирањето, тогаш во најголем дел одлучува и со одредени политики за работата и ја насочува работата на овие тела. Мислам дека недозволиво е само на ваков начин Владата да ја остварува оваа политика, бидејќи со ова нема ништо да смениме. Јас ќе се вратам и на почетокот, каде што во образложениeто на законот вие сте навеле дека покрај тоа што не постоеле единствени критериуми за распределба на средствата што се издвојуваат од Буџетот, туку само единствно Владата определувала критериуми за распределба на средствата. Ова предлагачот го напишал. Ова не се зборови на опозицијата. Значи, практично ќе се сведиме на исто. И пред овој закон, Владата е таа што одлучува за се, за критериумите, Владата со свој акт ги распределува средствата и Владата ги определува критериумите. Сега повторно би ја имале, само многу посложено и покомплицирано, наводно, дека формираме органи кои ќе бидат носители на развојот, меѓутоа, повторно Владата ќе им диктира преку финансирањето, преку кадровската политика, преку надлежностите што и како тие ќе работат. Ова дотолку повеќе што експлицитно во членот 12 стои претходно дека Владата повторно, како и досега, значи, вие ги констатирате постојните состојби и нудите нови решенија со овој закон навидум, а всушност, нема никаков прогрес напред од она што се постојни

состојби. Затоа мора овој дел од законот сериозно да се преработи, да се вметне улогата на Парламентот, да се вметне мислењето на заедниците на единиците на локална самоуправа, мислењето при донесувањето на стратегиите и на критериумите на Советот за регионален развој да биде со поголемо влијание и поодлучувачко, а не тоа да биде незадолжително за Владата. Значи, малку поинаку да се постави концептот на овој закон. Значи, од сите погоре наведени причини, иако законот има многу недостатоци, како концепт, бидејќи е и потреба за донесување, ние ќе го поддржиме законот, меѓутоа, сепак, нема да остане дискусија на ова. Во втората фаза, Владата ќе мора посериозно да ги анализира и да ги разработи сите овие забелешки што беа дадени од опозицијата и да го донесеме законот заеднички со копнсензус, а не со надгласување и да направиме закон кој ќе биде прифатлив и кој навистина, ќе дава ефекти и резултати. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеник господин Агим Рамадани. Повелете.

**Агим Рамадани:** Благодара потпретседателе, почитувани пратеници,

Не е некоја реплика со некој остар тон, меѓутоа, сакам да му реплицирам на господинот Кондарко во неговото излагање. Доста го критикуваше моментот кога беше донесен Буџетот на Република Македонија за оваа година. Многу е свесен дека тој Буџет е веќе донесен. И во тј Биџет овој закон, а со оглед на тоа дека овој закон оди во две фази немаше никаква теорија да биде акцептиран и да биде составен дел на овој Буџет. Така во овој дел нема право да ја критикува Владата во однос на донесување на Буџетот за оваа година.

Што се однесува за името на самиот закон, односно начинот како ќе се работи со овој закон, многу јасно и убаво кажува, рамномерен развој на регионите во Република Македонија , кои се соодветно поделени по однос на пописните едници во Република Македонија, односно статистички единици.

Во однос на тоа, ова претходно име кое беше недоволно развиени региони, нека ми прости, меѓутоа, сите влади од СДСМ што досега беа, тоа име им носеше буџети за инвестирање на други намени. Се се развиваше, освен местата каде беа недоволно развиени.

Јас само ќе наведам два три примера во општина Желино. Во општината, системот за фекални води и канализација е оставен за никаде. Наводно ќе го финансира Владата, дојдоа пратениците на ДУИ, на чело со Али Ахмети во село Желино, тримфално кажаа дека ќе почне Желино да го урбанизираат да биде денес град, тоа остана како едно од најлошите села, поради тоа што беа ископани сите патишта, се отворија каналите и останаа без вода и без канализација.

Во претходните години Владата на Црвенковски, сите од населеното место Желино дадоа пари за основно образование, за ново училиште, на крај, кажаа дека државата тоа ќе го прави и дојдоа да ја пресечат лентата со парите на населението. Во овој закон, такви работи нема да постојат. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Јас почитуван колега немам замерки на репликата, меѓутоа, не сме се разбрале изгледа. Во однос на првиот дел јас не зборував за средства предвидени од Буџетот за овој закон, затоа што Буџетот беше претходно донесен. Јас зборував за оној закон што беше предложен од СДСМ каде што баравме како пратеници да се зголеми зафаќањето на ДДВ од Буџетот од 3 на 4,5%, токму во функција на поволен рамномерен и регионален развој на општините. Тие средства би оделе токму за општините. На тоа мислев. На овој закон немавме ни шанса да знаеме дека пред неколку недели Владата ќе достави ваков закон. Меѓутоа, тоа го спомнав како компарација дека Владата се повикува на овој закон дека Буџетот е прв извор на финансирање и за вториот дел од дискусијата јас не го оспорував името на овој или на претходниот закон, бидејќи беше во образложението на овој закон повикано името на претходниот закон, јас само спомнав дека Владата со ингеренции на претходниот закон можела да остварува подобри резултати за подобрување на регионалниот развој.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник Владимир Ѓорчев. Не е тука.

Има збор пратеник Ќукчиев Никола. Не е тука.

Има збор пратеник госпоѓа Весна Јаневска. Повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани пратеници,

Веројатно во делот од дискусијата ќе се преклопам со дел од некои мои колеги, но бидејѓи станува збор според мене, за исклучително важен закон, ќе ми простите, ќе гледам да бидам што е можно пократка.

Значи, прашањето за рамномерен регионален развој, особено значаен за целокупниот развој на Република Македонија и дефинитивно го заслужува вниманието, како на едно од најзначајните прашања, за кои треба да дебатира Собранието според мое лично мислење.

Особено е битно што во темата нема можносто за политичко прифитерство и собирање на лесни поени, туку напротив, тоа е прашање на кое сите пратеници, односно политички партии можат и треба да одговорат само во интерес на Република Македонија, политика која ВМРО -Народна партија, веќе 2,5 години ја промовира. И онака, како што јас на почетокот се обидував да потенцирам дека е дојдено време кога ние сите заедно треба да определиме наши стратешки цели и да работиме за добробит на државата.

Инаку, во рамките на првата фаза на законот за рамномерен развој говорите се помалку апстрактни, сепак примената на овој закон во практика ќе значи многу во подобрување на квалитетот на животот на секој човек. Впрочем од квалитетот на овој закон многу ќе значи каде ќе се градат патишта, каде ќе се поставуваат нови електрични мрежи, кој вид на училишта ќе се отвораат во Тетово, а кои во Кочани, кои ќе бидат мерките за вработување во Битола, кои во Дебар и во кои рурални средини ќе се подобрува инфраструктурата, како ќе се намали концентрацијата на човековите ресурси во Скопје, а како другите делови на Македонија ќе си ги повратат луѓето назад, каде ќе се развива земјоделието, каде индустријата, значи она што воглавно и други пратеници во ова Собрание го спомнаа, концентрација на луѓе и развој на Скопје а помалку во другите делови во државата.

Да се затвори системот на рамномерен регионален развој е значајно за интеграција на Република Македонија во Европската унија. Впрочем, Унијата со сите разлики во неа настојува нивните членови на семејството да го имаат постигнато, или барем да бидат блиску до европскиот минимум за тоа што значи развиен регион. Ова е сосема разбирливо ако се има предвид дека секоја мерка со која се сака да се постигне рамномерен регионален развој бара финансиски средства или во превод кажано пари. Европската заедница уште одамна како една од водечките политики кои за спроведување во државите членки и одредени нивни региони е токму потребна политиката за регионален развој.

Колку за илустрација, колку и да е значајно прашањето на Европската унија еве неколку бројки кои се однесуваат на Регионалната политика која во рамките на Унијата се нарекува структурна регионална и кохезиона политика или најчесто само структурна политика.

Европската унија на мерките и инструментите за регионална политика троши дури 37% од својот буџет или околу 35,9 милијарди евра годишно. Тоа го прави преку структурните фондови во кои влегува посебен фонд, Европскиот фонд за регионален развој, како и Кохезивниот фонд во кој дополнително се издвојуваат околу 3,1 милијарда евра годишно.

Европската унија во последните 6 години според официјални податоци за порамномерен регионален развој потрошила повеќе од 195 милијарди евра. Не ве замарам со овие бројки и податоци без причина, само сакам да се добие увид колку многу е изразен регионалниот развој не само во Македонија туку во она семејство чиј член ние сакаме да станеме.

Република Македонија до сега водеше некој вид на тивка регионална политика која се реализираше преку Законот за поттикнување на развој на стопански недоволно развиени подрачја и Бирото за стопански недоволно развиени подрачја, како и преку одредени финансиски инструменти на Министерството за локалната самоуправа, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање. Оваа тивка регионална политика, ја нарекувам тивка за да бидам умерена во мојот говор, за стопански недоволно развиените подрачја даде одредени резултати, но воглавно не ја смени картата на Република Македонија по однос на развиеноста. И понатаму, целата концентрација на индустрија, вработување човечки и финансиски ресурси останаа во Скопје, а за сметка на тоа останатите делови наместо развој добија уназадување. Значи не ни стагнација туку уназадување.

Исто така очигледна е и разликата помеѓу Западниот и Источниот дел на Македонија особено во делот на инфраструктурата. Очигледни се разликите помеѓу млад човек од Битола, од Цапари, од Чашка, од Гевгелија, од Василево, Босилево и Делчево во споредба со луѓето од Тетово, од Скопје и сите оддалечени едно од друго најмалку по 200 км. Генерално Законот за рамномерен регионален развој е добар и навистина оваа Влада ја заслужува поддршката со оглед на тоа дека десетина години station наназад не се изнајдоа сили за донесување на ваков закон кој ќе ја опфати генералната политика за развој на Република Македонија. Кога велам добар зборувам за идејата дека овој закон треба да се донесе.

И покрај тоа што се работи за релативно мал закон сепак имплементацијата барем на почетокот ќе падне на грбот на Владата и Министерството за локална самоуправа . ВМРО-Народна партија ќе го поддржи донесувањето на законот за рамномерен развој, но секогаш постои можност за подобрување на текстот на предложените закони. Еве ги нашите забелешки се надевам ќе бидат сфатени најдобронамерно и ве уверувам дека се во духот на она што е предложено, а на истите забелешки слушнав дека ги посочина и повеќе други пратеници, па според тоа сметам бидејќи законот е во прва фаза предлагачот ќе има доблест овие забелешки кои повеќе пратеници од различни пратенички групи ги предложија да ги земат предвид за понатамошната процедура на законот.

Во членот 3 каде што се дефинираат целите кои треба да се постигнат со законот, односно да се дефинира кога всушност е постигнат рамномерен регионален развој наведени се 6 цели и навистина тие кореспондираат со регионалниот развој. Сепак, нашата забелешка на овој член оди во насока на конкретизација на целите кои сакаат да се постигнат.

Се работи за премногу декларативни цели, речиси немерливи, па постои опасност зад нив да се сокрие всушност евентуалната неуспешна регионална политика што сметам дека во никој случај не би смеело да се случи. Навистина се работи за закон, една најопшта рамка на државната политика за рамномерен регионален развој и навистина е предвидено носење на други документи, како што се стратегија, програма и

план и би биле поконкретни, но сепак цениме дека во самиот закон потребно е додефинирање. Односно кога е постигната, на пример, втората точка за намалување на дипаритетните помеѓу и во рамките на планинските региони и подигнување на квалитетот на живот на сите граѓани кога ќе се постигне тоа. Ако во законот се дадат одредени критериуми, минимум рамки што би значело ова, тогаш уште веднаш ќе се знае на кои региони ќе треба да се делува со соодветни инструменти на регионалната политика, но и што точно треба да се постигне со таквите мерки. На овој начин веднаш се утврдува ефикасноста на преземените мерки и на политиката што државата во однос на тие региони, како што рековме во примерот, планинските воопшто ќе се води.

Ќе компарирам со Европската унија иако сме ние далеку од таквите услови, но сепак тежнееме да сме таму и добро е ако уште еднаш ги применуваме нивните стандарди и начини на работа. Европската унија има долга историја на спроведување на регионална политика. Во почетокот и тие имале неколку вакви декларативни цели кои сакале да ги постигнат за одредени региони или држави во заедницата, но во 1999 година Европската унија поради неефикасност, значи неефикасност на декларациите, иако таму регионалната политика направи чудо од неразвиените делови во Грција, делови во Португалија итн, реши да ги намали целите од 8 на 3 и тоа многу конкретно.

Првата унапредување на регионите кои се заостанати во развојот. Се смета дека постои заостанатост во развојот ако бруто националниот приход на глава на жител достигнува повеќе од 75% од просекот во европската заедница. Значи аналогно на тоа ние би можеле да одредиме некој процент во Република Македонија. Регионите Австрија, Шведска и Финска се со нагласена мала густина на населението односно со помалку од 8 жители на км2 па затоа и тие се опфатени во првата цел односно се сметаат за региони кои треба да се унапредуваат.

Второ, стопанско и социјално трансформирање на подрачјата со стрктурни проблеми. Тука спаѓаат области обележани со деиндустријализација, рурални подрачја со негативен предзнак во развојот, проблематични подрачја во градовите од приморски и рибарски области. Големата невработеност, големиот удел на долготрајно невработените, намалување на бројот на жители и на вработени во индустријата како и значајна голема сиромаштија се најважните критериуми за одредување на овие подрачја на кои им е потребно стопанско социјално трансформирање. Јас понатаму ќе зборувам за тоа дека имам впечаток дека нашите региони се направени само врз основа на бројот на жители, а не и врз основа на вакви анализи, кои имаме урнек како би требало да бидат направени.

Со образување и модернизација на политиката и системот на образованието, доквалификацијата и вработувањето и тоа независно од регионалната поврзаност е третата точка на која се потпира Европската унија. Тука како критериуми се наведуваат невработеност, запоставување на жените, нивоата на квалификација и сиромаштијата.

Во рамките на начелата потребно е да се истакне начелото на партнерство и супстидијарност, бидејќи тие се двете основни начела на кои се потпира и структурната политика на Европската унија. Притоа онака како што е дефинирано начелото на супстидијарност во предлогот за донесување на законот потребно е да се каже дека се случаите кога одредена надлежност во регионалната политика е предвидена како надлежност на државите, а не на локалните органи. Потребно е тоа да биде само во случаите кога е неопходна финансиска помош односно да не постои злоупотреба на принципот од страна на централната власт, исклучокот да се користи како правило.

Така во однос на принципот на супстидијарност и надлежноста на Европската унија со државите членки и нивните локални органи се вели следното:

За интервенции на европската заедница важи принципот на супстидијарност, па согласно на тоа мерките во Европската унија секогаш ќе се преземаат како дополнување на националните, локалните и други активности и тоа таму каде што сопствените средства се недоволни.

Во членот 5 кој се однесува на воспоставувањето на планските региони според принципот на номенклатурата на територијалните единици за статистика Македонија е поделена на 8 региони (Скопски, Полошки, Југозападен, Пелагониски, Вардарски, Североисточен, Источен и Југоисточен) прашањето е дали статистиката треба да биде основа за ваквата регионална политика и за втората фаза Владата односно Министерството за локална самоуправа односно предлагачот треба точно да ги потврди регионите не само по бројот на жители туку и со граници кои се урбани и рурални места ќе влезат во регионот, како и нивната усогласеност со веќе донесениот Просторен план на Република Македонија.

Ова е потребно да биде дефинирано со закон или барем да се наведат регионите со име во рамките на членот 5. Дефинирањето на регионите не смее да се дозволи да остане задача на стратегијата или на другите плански документи за да не дојде до стихијно менување на границите на регионите што ќе повлече и измена на надлежностите од разно-разни причини, какви што можат да бидат, па и политички односно структурата на власта во државата, значи во зависност од тоа која политичка партија е на власт.

Во членот 6 се дефинира подрачје со специфични развојни потреби но по законот не се дефинирани критериумите и индикаторите за тоа кога едно подрачје или регион има специфични развојни потреби. Сметаме дека тоа треба да се направи. Тоа е оставено да го реши Владата. И тука сметаме дека надлежноста за ова не треба да

биде на Владата која е можно водејќи се од одделни дневно политички потреби критериумите за тоа кога едно подрачје е недоволно развиено да ги менува, па така да се случи одреден регион кој има потреба од развојни мерки да не ги добие или пак подрачје кое веќе има одреден степен на развој повторно да добие финансиски средства само затоа што Владата со нејзините критериуми тој регион го смета за недоволно развиен. Мене ми е многу жал што морам ова да го кажам што го кажувам, јас се надевам дека нашиот демократски развој е позабрзан во последните години, но искуството од владеењето на минатите влади укажува на ова што јас сега го потенцирам.

Ако таквото нешто може да се спречи, а според нас во текстот на законот и во подзаконските акти може да се спречи, сметам дека ќе биде значаен чекор напред во развојот на државата.

Место на критериумите за тоа кога едно подрачје бара развојни мерки и инструменти во законот, односно во членот 6 дали тоа ќе биде одреден посреден минимален бруто национален приход по жител, како што претходно кажав дека се случува во Европската унија одредена стапка на невработеност просекот на степен на образованието на жителите на регионот и сл., Владата треба да ги утврди и подготви овие критериуми за втората фаза на законот. Доколку тоа не го направи предлагачот ќе мора тоа ние да го правиме со амандмани.

Во однос на член 9 каде се дефинира стратегијата за регионален развој ВМРО-Народна партија предлага наместо Владата неа да ја носи Собранието на Република Македонија. Ова со оглед дека се работи за еден долгорочен документ за период од 10 години и за една државна политика, а не владина политика, па така следната влада ќе мора она што претходната ќе го предложи да го наследи и во континуитет да го спроведува. Значи, впрочем, во период од 10 години би се смениле не две туку најмалку три влади. За тоа Собранието веќе има искуство и надлежност во носење на долгорочни документи како што е ова и тоа во минатото се покажало како корисно во државата, во спротивно кога Владата ги имала тие ингеренции, зборувам било која, не конкретно некоја.

Забелешки имаме и на член 16 кој се однесува на највисокото тело во рамките на рамномерниот регионален развој . И други пратеници укажуваат дека Советот не треба да го формира Владата, туку треба да го избира Парламентот. ВМРО-Народна партија стои на истиот став а даваме и предлог советот да биде од мешан состав, од членови кои ќе влезат во него по службена должност и од членови кои ќе ги избира Собранието. Такво искуство имаме во некои други државни институции, па сметаме дека и овде може да профункционира. На пример, советот би можел да биде составен од 13 члена и тоа 5 по службена должност, министерот за локална самоуправа, министерот за транспорт и врски, министерот за животна средина и просторно планирање, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и директорот на Бирото за рамномерен регионален развој. Овие влегуваат со оглед на тоа дека ќе бидат претставници на генералната политика за регионален развој и со оглед на тоа дека и досега од нив произлегуваат најголем дел од парите кои ги даваат за подрачјата за развивање.

Останатите 8 члена да ги избира Собранието по предлог на советите за развој на плански регион од секој регион по еден избран претставник со мандат од 4 години. Со предлогот од секој регион да има по еден избран претставник ќе се избегне опасноста од кумулација на луѓе во советот кои ќе бидат повторно избрани од Скопје или од овој засега најразвиен регион во државата.

Во законот е дефинирана и улогата на Министерството за локална самоуправа во рамките на регионалната политика и тоа е сосема во ред бидејќи треба да постои координатор на сите активности што ќе бидат преземени како дел од државната политика за рамномерен регионален развој. Сепак, во однос на тоа од каде доаѓаат до сега средствата за регионален развој и за стимулирање на локалната самоуправа, а тоа се во најголем дел Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство потребно е нивната улога исто така да биде потенцирана.

Можеби затоа е добро Бирото за рамномерен регионален развој да не биде во рамките на Министерството за локална самоупрва, туку да биде под надлежност на Советот за рамномерен регионален развој, а да добие и улога на Фонд во кој ќе се прибираат парите од сите извори по оваа основа, па оттука според одредени критериуми со закон да се доделуваат во соодветен однос и за соодветни намени по осумте региони.

Впрочем, во прво време Бирото за стопански недоволно развиени подрачја и функционираше како фонд. За да се направи ова, потребни се соодветни измени на членовите 20 и 21, но и измена на членот 30, како и додавање нови членови во кои ќе се утврдат критериумите, постапката и носителите на распределбата на парите за регионален развој кои доаѓаат од Буџетот на Република Македонија. Претпоставувам дека пратениците се заинтересирани за ова, но ве молам, не гледам зошто би продолжила да зборувам кога пртставникот на Владата не е присутен.

**Иван Анастасовски:** Претставникот на Владата е тука, можете да продолжите.

**Весна Јаневска:** Недозволиво е парите да се распределуваат со уредба каде секогаш постои можност за ненаменско распределување на парите согласно дневно политичките потреби на Владата. Затоа говорев и при дефинирањето на подрачјата со развојни потреби потребно е да се дадат критериуми кои се тие подрачја, па

согласно тоа да следи и распределбата на парите.

Европската Унија во овој дел препорачува постапката на утврдување на средствата кои ќе бидат потребни за остварување на регионалната политика да бара тесно усогласување на политиката меѓу сите институции кои учествуваат во тоа, дури потребно е формирање на некаков партнерски однос меѓу нив.

При крај, овие забелешки на ВМРО Народна партија со кои всушност бараме начин законот да се операционализира, да не остане само на хартија, предлагам да бидат разгледани од Министерството за локална самоуправа и да бидат земени предвид во втората фаза од донесување на законот. Она што е особено битно е Владата на полето на регионалната политика би требало да обезбеди контрола на одобрена државна помош со цел да не дојде до разбивање на конкуренцијата.

Искрено со надевам дека бев многу конкретна и сметам дека, без оглед на тоа што претставникот на Владата не беше многу заинтересиран, би требало сериозно да ги погледне сите предлози од пратениците, затоа што овој закон е исклучително потребен на Република Македонија, затоа што сите сме апсолутно свесни за нерамномерниот развој на регионите во државата, што претставува првенствено наш проблем, а секако ќе претставува пречка за нашето приближување до Европска унија.

Се надевам дека во втората фаза ќе бидат надминати разликите меѓу владиниот предлог и бројните барања на пратениците во Собранието на Република Македонија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот госпоѓа Роза Топузова - Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Владата на Република Македонија,

Би сакала на самиот почеток да кажам дека е добро што денес имаме еден ваков Предлог за донесување на закон пред нас и на самиот почеток сакам да кажам дека ЛДП ќе даде поддршка за донесувањето на Законот за рамномерен регионален развој, а во таа насока би сакала уште да се осврнам на постапката. Сметам дека еден закон кој што е од суштинско значење за Република Македонија и кој што, покрај другото, е и во насока на усогласување со европското законодавство, значи и Закон кој што исто така во голема мера значи и подобрување на животот воопшто рамномерно на територијата на цела Република Македонија и добро е што Владата ни го достави во една постапка која ние пратениците ја нарекуваме редовна постапка, односно сега имаме доставено Предлог за донесување на закон, за кој овде можеме да дебатираме и потоа се надевам, врз основа на нашите забелешки што овде ќе ги кажеме, Владата ќе ги достави еден добро подготвен предлог на закон за рамномерен регионален развој. Како што кажаа голем број пратеници пред мене, и јас ќе напоменам дека не е толку тешко да се донесе овој закон. Од дискусиите што ги имавме во изминативе скоро два дена, најголем дел од пратениците се согласија дека на Република Македонија и е потребен еден ваков закон и дадоа поддршка, секако со забелешките на кои тие се осврнаа, но многу потешко ќе биде овој закон да се имплементира, затоа што навистина ситуацијата која што ја имаме во Република Македонија и која овде е претставена во образложението на законот не е ни малку лесно да се надмине, а особено очекувам дека овој закон ќе доживее своја целосна имплементација и нема да ја доживее судбината на пртходните два закони кои и овде се цитирани, а тоа е Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја, донесен во јануари 1994 година, и потоа дополнувањето на истиот овој закон што било донесено 1999 година. Но, за жал, иако тука имаме добри насоки и добри решенија ни нудат и овие закони, како што кажав многу малку се имплементирани. Токму поради тоа, ги имаме овие ситуации кои ги имаме сега во регионите во Република Македонија, на кои голем број колеги се осврнаа. Јас не би сакала повторно во таа насока да кажувам кој регион е најразвиен, кој е помалку развиен, но навистина од она што беше кажано како од страна на министерот во воведното излагање, така и она што беше кажано од колегите пратеници, можеме да забележиме дека разликата меѓу регионите е евидентна како во однос на степенот на вработеност, така и во однос на инвестициите. Овде беше споменато дека дури 90% од вкупните инвестиции во Република Македонија се насочени во скопскиот регион, што навистина за мене е многу загрижувачка ситуација, а останатите седум региони имаат само 10% од инвестициите и ако тоа се распореди по сите седум региони, ќе видиме каква е ситуацијата, па дури и тие 10% јас сум убедена дека не се рамномерно распоредени.

Да бидам искрена, очекував од страна на Министерството ако не сега тогаш во следната фаза, се надевам дека тоа ќе се поправи, покрај оваа табела која што ни беше доставена, односно преглед на Република Македонија поделен по региони што можам да кажам дека претставува само една слика која не е реално со сите подрачја, дека ќе имаме еден поопстоен преглед и вака се добива впечаток дека регионите се поделени само исклучиво по бројот на жители, што всушност и не е така. Дури, можеби тоа ги наведе во дискусиите некои колеги пратеници да се осврнат на тоа дека единствен критериум е бројот на жители, затоа што токму така е даден овој табеларен преглед. Ако се погледне внимателно текстот на прегледот, ќе се види дека бројот на жители не бил пресуден во поделбата на регионите, туку се имале предвид и останатите критериуми, како територијално географската

положба во Републиката, се надевам и некои други показатели, за кои очекувам дека Министерството ќе ни достави информации, а се од значење за да можат пратениците понатаму да дебатираат, па дури и во следната фаза амандмански да интервенираат.

Како што реков, не сакам погрешно да бидам сватена, да напоменам на самиот почеток дека најмалку би сакала повторно да дојде до израз нашиот синдром на поделби, да почнеме да се делиме на пратеници кои се од Скопје и пратеници од внатрешноста и секој да кажува за степенот на развиеност односно неразвиеност на својот регион, односно регионот од каде што доаѓа, туку би сакала што е можно повеќе објективно да пристапам кон потребата за донесување на овој закон. Реков загрижувачки беше не само она што го кажав околу инвестициите, исто така и стапката на вработеност. Ако ја погледнеме оваа стапка, сепак, таа е најмала во скопскиот регион, за разлика од вардарскиот регион, па и пелагонискиот регион, па дури и североисточниот регион каде што таа достигнува скоро 48%, за разлика од скопскиот регион каде што таа е 30%. Ова кажувам дека не е нешто со кое би можеле да се гордееме и стапка од 30% е навистина многу висока, во голема мера треба да придонесе за сериозно сфаќање на ситуацијата во која се наоѓа Република Македонија, но сепак разликата од 18% мораме сите да признаеме дека е многу забележителна. Дури, ако ја погледнеме разликата меѓу регионите, исклучувајќи го скопскиот, ќе видиме дека и тука имаме една различна стапка на вработеност, како што реков додека некаде имаме 48% на невработеност, во југоисточниот регион, за среќа би кажала, иако реков дека е загрижувачки помало ниво, имаме 34% невработеност.

Уште нешто што многу повеќе мене ме загрижува, секако дека и ова е загрижувачки е демографската ситуација или демографското опустување на регионите, особено пелагонискиот регион. Како што истакна и самиот министер, од година во година имаме се помал степен на население, а младо население, население кое е работоспособно и за жал, индексот на стареење се искажува во еден загрижувачки процент од 0,8%. Токму заради тоа, за да се надминат сите овие загрижувачки состојби и разлики меѓу регионите што ги имаме е потребно да се донесе еден ваков закон, а како што реков на самиот почеток, уште повеќе е потребно законот да се имплементира, се со една единствена цел да се обезбеди интегрален рамномерен и одржлив развој на сите региони во Република Македонија и со тоа да се намалат овие разлики, за кои до сега говорев. За тоа е потребно особено да се земат предвид при регионалниот развој сите компоненти кои можат да придонесат во тоа и да се поттикнат, како што е инфраструктурата, образованието, општата економска слика и останатите показатели.

Сега би кажала само некои мои конкретни забелешки што ги имам, иако можеби во некој случај ќе се повторам со колегите кои претходно говореа, но мислам дека апсолутно тоа нема да пречи. Напротив, тоа во голема мера ќе придонесе за подобрување на текстот на законот и како што стои во самиот закон, за намалување на диспаритетите меѓу планските региони и подигнување на квалитетот на сите граѓани.

Тука би сакала да се осврнам на членот 6, каде што ги дефинира подрачјата со специфични развојни потреби. Иако реков дека тоа е содржано во претходните закони кои ги цитирав, би сакала да напоменам дека овде треба да имаме едно поголемо усогласување со претходните два закони, кои за жал реков дека многу малку се имплементираа, но кога веќе ги имаме би требало да се усогалсиме, потоа со алинеата каде што се дефинирани подрачја со природни богатства и културно наследство, кои се заштитени со закон, мислам дека тука би требало да имаме едно усогласување со Законот за заштита на културното наследство и особено да се води сметка за културниот предел, нешто кое е за прв пат воведено со Законот за културно наследство, а е од особено значење и може да влијае не само врз туризмот, туку воопшто и врз економскиот развој на одреден регион за кој станува збор.

Потоа, би сакала да се задржам и на стратегијата за регионален развој на Република Македонија. Сметам дека е ова многу важен документ кој треба да се донесе и јас исто така сметам дека треба да биде оваа стратегија дури и подолгорочна. Во следниот член се спомнува дека таа ќе биде за 10 години, можеби дури е потребно да опфаќа еден подолг период од 15 години, но и да остане вака тоа во голема мера не пречи, туку напротив е многу поважно во изготвувањето на оваа стратегија да бидат вклучени експерти од сите области кои ќе можат да дадат значаен придонес и исто така сметам дека околу оваа стратегија е неопходно да дебатира Парламентот, затоа што како што кажав тука, тука сме пратеници од сите региони и најдобро ги познаваме регионите и проблемите со кои се соочуваат граѓаните.

Веќе споменав за стратегијата дека е добро да расправа Парламентот, дотолку повеќе што ќе бидат земени при целите на стратегијата за регионален развој и националните секторски развојни документи.

Што се однесува до членот 15, јас дебатирав со почитуваниот министер кој што сега е отсутен и укажав на Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија и тој самиот кажа дека навистина во овој Предлог на закон малку внимание е посветено на Советот за рамномерен регионален развој и овие членови се дадени во ваква форма со една единствена цел да се слушне мислењето на пратениците и мислењето кое овде ќе биде искажано ќе биде инкорпорирано понатаму. Од останатите колеги слушнавме и мојот став е дека овој совет треба да не го

составува Владата, односно во Советот да влегуваат членови кои ќе бидат можеби на предлог на Собранието или во секој случај експерти од сите области и ќе бидат членови не исклучиво од Центарот на Република Македонија, значи од Скопје, туку напротив, Советот би имал повеќе членови соодветно застапени од сите региони во Републиката. Ова дотолку повеќе што овој Совет и неговата работа ќе ја помагаат комисии составени од експерти за регионален развој, претставници на стопански комори и релевантни партнери од приватниот и граѓанскиот сектор.

Ако комисиите се составени од експерти и претставници од Стопанските комори дотолку повеќе сметам дека и составот на Советот треба да соодвествува на составот кој што ќе го имаат комисиите. И затоа сметам дека е добро со предлогот на закон кој што ќе ни биде доставен да се дефинираат членовите на Советот, бројот на членовите, како и нивната структура. Значи покарај бројот на членовите и нивната структура, дотолку повеќе, значи овој Совет ја усогласува политиката на рамномерен регионален развој со секторските политики и макроекономската политика на Република Македонија. Токму од тука многу е важен составот кој ќе го има ова Совет. Во членот 18, каде што се наброени надлежностите на Советот за рамномерен регионален развој. И тој под алинеја 2 дека дава мислење за стратегијата на регионалниот развој. Како што претходно говорев, ако бидат вклучени сите овие експерти кои што и овде се споменуваат и во составот на Советот, сметам дека тој треба да учествува, значи членовите на Советот треба да учесуваат активно во изготвувањето на стратегијата, се разбира не сите, туку овие комисии кои што ќе бидат составени од експерти би било добро да заемат активно учество во изготвувањето на стратегијата, а не само да даваат мислење за страртегијата за регионален развој која што претставува секако документ од суштинско значење врз кој што ќе се темели понатамошниот регионален развој. Од останатите ингеренции подолу стои на неколку пати дека тоа дава мислење како што е за листата за подрачја за специфичен развој, дава мислење по годишните и повеќегодишните извештаи. Јас мислам дека улогата треба да биде поактивна за Советот и позајакната во однос на улогата на самото Министерство.

Што се однесува до членот 19, каде што вели дека Министерството за локална самоуправа подготвува и доставува на Владата на Република Македонија годишни и повеќегодишни извештаи за работата на Министерството поврзани со рамномерниот регионален развој. Сметам дека по овие повеќегодишни или особено годишни извештаи добро е Министерството да ги доставува до Собранието на Република Македонија, од истото она образложение што го наведов, дека би било добро пратениците да ги разгледаат и да дебатираат, да укажат што од тоа е спроведено и што не е спроведено и со што би можело во иднина да се подобри работата на Министерството за локална самоуправа во насока на рамномерниот регионален развој. Понатаму, би сакала исто така да укажам во насока на ова што го говорев и членот 31 каде што вели мониторинг над имплементацијата на стратегијата за регионален развој и програмата на регионалниот развој вршат Министерството за локална самоуправа и Советот за рамномерен регионален развој. Овде можеби некој ќе каже дека е повеќе технички, но според мене исто е од суштинско значење, ако веќе во членот 15 каде што се дефинирани носителите на рамномерен регионален развој, Советот на рамномерен регионален развој е пред Министерството за локална самоупрва. Сметам дека овој приоритет треба да се задржи секаде понатаму во актите каде што ќе се спомнува и со тоа навистина ќе се даваат поголеми ингеренции на Советот кој што е формиран со една единствена цел токму да се грижи за рамномерен регионален развој, додека Министерството за локална самоупрва не велам дека не е компетентно, но во секој случај има и многу други надлежности за кои што треба да се грижи, а регионалниот развој ќе биде само еден дел од неговата работа. Токму поради тоа сметам дека треба да се даде поголемо значење на овој Совет. Би сакала да прашам, со законите што јас ги цитирав претходно, значи Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја имаме и Агенција која што и досега постоеше за стопански недоволно развиени подрачја. Каква ќе биде нејзината понатамошна улога, како таа ќе се вклопи во целокупните тела кои што ќе се формираат и колку ќе биде оправдано нејзиното постоење онака како што постоеше досега, или ќе траба да претрпи некои измени и да биде вклопена во овие тела кои што се предвидени со донесувањето на законот за рамномерен регионален развој. И сосема на крај сакам да кажам дека на Република Македонија и е повеќе од потребен ваков закон. Се надевам дека сите овие забелешки кои што беа искажани од колегите пратеници, вклучувајќи ги и моите забелешки ќе бидат внесени во предлогот на закон кој што ќе ни биде доставен и ќе го донесеме овој закон. Но, според мене е многу поважно Министерството за локална самоупрва час поскоро да ги формира телата кои што ќе бидат носечки на самиот регионален развој и да може побрзо да се имплементира овој закон, затоа што навистина само така ќе можеме да обезбедиме барем донекаде да се подобри животот на сите региони, на граѓаните од сите региони во Република Македонија и да немаме толку големи разлики воквалитетот на животот од регион во регион.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитува потпретседателе, почитуван претставник на Владата, почитувани пратеници. За разлика од другите пратеници кои

што беа доста опширни, кои што долго зборуваа, се разбира внесоа голем број на сугестии. Во суштина ќе се обидам да бидам сосема краток околу моите сугестии во врска со овој предлог на закон. Како што се изјаснија другите политичи партии и Демократскиот сојуз дава целосна подршка на овој законски проект. Сметаме дека е неопходен ваков законски проект бидејќи Република Македонија по својата конституција досега беше високо централизирана држава и дека во многу мал, или тесен круг на луѓе се носеа клучните одлуки за сите прашања, вклучително и за развојот на единиците на локалната самоуправа или за регионалниот развој. Тоа создаваше многу дискусии, многу расправа околу тоа која општина, кој регион партиципира со повеќе средства во Буџетот и како тие средства се распределуваат. Со уставните промени, со промените на Законот за локална самоуправа и со бројните други закони започна процесот на децентрлизација. Меѓутоа, се уште нема изградено механизми кои што гарантираат рамномерен регионален развој. Со овој закон се обезбедува можеби првиот чекор на посилно, или побитно влијание да имаат единиците на локална самоуправа во распределбата на средствата. Нема да ги давам истите забелешки кои што беа дадени од голем број на пратеници. Јас само сакам да укажам на еден член, тоа е на член 16 за формирање на Советот за рамномерен регионален развој. Сметам дека овој Совет треба да биде место каде што ќе се соочуваат аргументите, ќе се прават анализи и ќе се насочува рамномерниот развој во Република Македонија по региони. Поаѓајќи од тие причини, предлагам во Советот задолжително да стои дека ќе има по еден претставник од секој регион. На тој начин мислame дека ќе имаме увид во работата на Советот по региони, односно регионите ќе имаат увид и околу тоа како и на кој начин се гради стратегијата, кои политики ќе се прифаќаат, ќе се спроведуваат и како и на кој начин ќе се врши распределбата на средствата. Затоа што ако е само Владата таа која што одлучува кои ќе влезат внатре, тогаш повторно ќе бидат елиминирани единиците на локалната самоуправа во носењето на клучните одкуки и битни за рамномерен регионален развој.

Втора работа на која што сакам да укажам, бидејќи тоа е содржано во основните начела на кои се заснова законот. Значи, тоа е јавност и транспарентност. Мислам дека такви одредби треба секаде да се внесат при дефинирање на надлежностите на голем број на органи и инситутуции што ќе го имплементираат овој закон. Еве на пример, стратегијата да биде објавена во средствата за јавно информирање, натаму начинот на финансирање, или поделбата исто така да биде објавувана. Да биде се објавено јавно, на тој начин ќе имаат и граѓаните, но и сите оние што се директно задолжени за развојот на општините, за регионалниот развој ќе имаат доволен увид и при градењето на стратегиите, но и при распределбата на средствата. Значи, да нагласам дека навистина овој закон е решение кое што во многу ќе придонесе за рамномерен регионален развој, бидејќи досега објективно гледано ние немавме таков развој, или немавме институција што врз основа на издржани аргументи се грижеше за соодветна распределба на средствата согалсно како пристигнуваат парите. Еве, само да нагласам, патот Струмица - Радовиш, 50,60 години веќе не е чепнат да се прави. Значи, таму има коцка. И ако почнеме сега така да елаборираме веројатно нема да не доведе никаде. Но, сакам да нагласам дека овој закон е многу добро решение и затоа ја има подршката.

**Бесим Догани:** За реплика се јави пратеникот Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Во дискусијата колегата Трајанов изнесе една невистина, дека патот Струмица - Радовиш не е чепнат да се прави 30 години. На патот Струмица - Радовиш впрочем останати се само 10-на километри да се направат, а другиот пат, ако имате скоро поминато од таму, веќе е асфалтиран.

**Бесим Догани:** Контра реплика од една минута има господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Граѓаните од овој регион мислам дека имаа досега право да имаат добар пат, затоа што имаат голем придонес и во формирањето на Буџетот. Не е битно дали се десет, или пет километри, важно е дека има една делница од патот која што не е направена и тоа е доволно за да имаме голем број на сообраќајни незгоди со тешки последици, бидејќи тој пат, коцката е несоодветен за патниот сообраќај што се одвива, односно за возилата кои што се користат. Направете само една анализа и ќе видите какви се последици настануваат од ваквиот пат. Точно е дека почна да се гради, но мислам дека е крајно неодговорно да тврдите дека нешто се гради кое се уште не е дозавршено. Мојата дискусија беше само еден пример како нерамномерно се развиваат регионите и како тоа не е соодветно на придонесот во формирањето на Буџетот на Република Македонија. Токму затоа го посочив овој регион.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Господине Трајанов ако согласно со полнењето на Буџетот се врши регионалниот развој, ќе одиме во обратна насока од посакуваната.

Јас сакам да кажам неколку зборови. Многу се кажа овде и мислам дека ако Владата има волја да сослуша што се кажува во Парламентот и да извлече нешто, ќе биде корисно. Ако Владата по обичај по месец дена ни го врати законот убедена во тоа што го направила со својот концепт колку што се овие 50-тина пратеници кои досега дискутираа, или 40. Нема да кажам нешто ново, меѓутоа сакам да го кажам тоа само за да потсетам на Министерството за локална самоупрва неколку аксиоми или вистини од кои не

може да се избега и ако не се прифатат како такви ќе бидеме на погрешна трага.

Прво, регионалниот развој одсекогаш е жртва на пазарната економија. Значи, пазарната економија има своја законитост која е емпириски докажана, а тоа е дека во пазарната економија одредени центри под дејство на пазарните сили се развиваат неколкукратно побрзо одколку што е логиката што луѓето сакаат да ја прифатат и дека рамномерниот развој е жртва на таа пазарна економија. Само да потсетиме дека ние живееме во пазарна економија и дека тоа не зависи од нашата волја. Тоа се утврдени законитости. Потврда за тоа е дека законитостите владеат во светско ниво каде што регионалниот развој е заминат во бестрага. Вие знаете дека 5% од луѓето користат повеќе од 50% од националното богатство и доходот на светот. Така е во регионални рамки. Во Европа се знае кои се развиени, кои се неразвиени на југот и така е во национални рамки. И така е во општински рамки. Ако ги гледаме општините повторно внатре имаме исклучително нерамномерен развој. Од тоа нема бегање. Нашата интенција не траба да биде да имаме рамномерен регионален развој, како што гласи овој закон, господине заменик министер, затоа што тоа е утопија, тоа е обид да се спротивставите на пазарните сили, тоа е невозможно. Рамномерен регионален развој никој не постигал, меѓутоа интенцијата на нашиот закон треба да биде да се ублажат последиците од нерамeномерниот економски развој на регионите. Како што е поставена концепцијата на законот, мислам дека е во погрешна насока. Не сум уверен меѓутоа се плашам дека е ставен на погрешна нога да обезбеди во Македонија рамномерен развој. Никогаш нема да обезбедиме рамномерен развој на Куманово, Скопје, Тетово, како најсилна оска на развојот во Македонија која акцептира 90% од се, освен од населението каде што акцептира околу 50%, наспроти другите краеви, да не ги набројувам, за да не бидат погодени некои жители на Република Македонија. И ние не можеме да обезбедиме рамномерен развој. А ако сакаме да се обезбедат последиците, тогаш треба малку поинакви методи. И на тие методи, мислам дека посвојствен е законот, кој со овој закон треба да се укине, кој се вика Закон за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиени подрачја. Тој по правилно ја дефинира целта, да се поттикне развојот на неразвиените региони. И тоа е остварлива цел. Постојано да го поттикнуваме развојот на тие неразвиени региони. Ако сакаме рамномерно да ги развиваме, мислам дека сме на погрешна нога. Две други крупни, да речам, концепциски забелешки мои на законот се следниве: Прво, законот не дава законска минимална гаранција на средствата кои треба да се обезбедат. Тука пишува средствата ги определува Владата итн, секоја година. Познати се многу закони во светот, тоа било порано и кај нас, каде што минималните средства, како соодност од бруто домашниот производ биле запишани во законот и Владата во своите развојни планови нема можност да отстапи од тоа. Сегашниот закон дозволува на Владата да отстапи. Една Влада ќе одвои 100, една 200, една 500, идната 50 и тоа регионалниот развој на долг рок не го овозможува да биде во насока на ублажување на последиците, затоа што полошо подобро од малку па многу пари е континуиран дотек на истите средства во неразвиените региони. Тоа е импириски докажано. Мислам дека во вашето Министерство ги имате тие податоци. И во Министерството за финансии и бившото министерство за развој, дека рамномерниот, ама сигурен доток на средства е подобар метод, отколку неконтролираниот висок, низок итн. Затоа мислам дека во законот треба да се пропише стапка 0,3, 0,4, 0,5 % од бруто домашниот производ. Има амбициозни пратеници и влади кои порано пропишуваа 1%, никогаш не е реализирано, ако може, се согалсувам. Меѓутоа, мислам дека треба во законот да се утврдат.

Третата генерална забелешка ми е што критериумите за тоа кој е развиен, а кој е неразвиен ги утврдува Владата. Јас исто мислам дека треба во законот да има базични критериуми, кои Владата не може да ги поништи.

Сега не знам кој член е тука. Добро, не е битно, текстот го имаме, кажува дека Владата ги утврдува и критериумите, а ги утврдува и неразвиените подрачја. Тоа мислам дека не е добро. Законот треба да ги утврди критериумите.

Дали ќе бидат процент основни средства по жител, процентот БДП по жител, по глава на жител под 40, под 50. Стапката на невработеност или вработеност да отстапува 2/3 од просечната. Некој критериум да пропише законот. Ако Владата ги пропишува, можеме една влада да пропише два критериуми врзани со финансиски податоци, идната влада да врзе критериум со стапка на невработеност или поинакви комбинации и регионите постојано да влетуваат и да излетуваат од надлежноста на законот.Тоа на долг рок, исто така, ги онеспособува да бидат предмет на долгорочно третирање на законот. А, долгорочното е единственото. Среднорочно и краткорочно овде не функционира. Ниедна општина со краткорочно и среднорочно, а кога мислам среднорочно миаслам на пет, шест или седум годишен период третирање, не може да излезе од сопствената неразвиеност. Тие ми се генералните забелешки со оглед дека ова е Предлог-закон, тука и ќе застанам затоа што понатаму мислам дека нема никаква потреба во оваа фаза.

Сакам да кажам уште една работа. Направив моја сопствена статистика, колку акти и колку органи се вплеткани во овој закон. Владата води политика на регулаторна гилотиња. Ја промовира на телевизија и јас ја поддржувам, бидејќи таа е зацртана одамна и добро е да се тера. Меѓутоа, овој закон оди во обратна насока. Со овој закон се устоличуваат 17 нови органи во Република Македонија, како државни органи кои се финансираат од Буџет. Осум регионални центри

за развој на плански регион,осум совети за развој на плански регион и еден државен совет за рамномерен регионален развој и две институции кои се постојни, Бирото и Министерството и комисии кои ќе ги формираат овие осум центри и којзнае колку ќе бидат. Минимум нови 17 органи. Тоа оди во насока на преголема регулација на областа. Регионалниот развој се води децентрализирано ако регионите се големи. Во Европа вие имате регионален развој во Италија, кој е регионализиран. меѓутоа дали има 60 милиони жители и таму ниеден регион не е помал од пет милиони. Во двемилионска Македонија осум региони е премикроорганизациони структури за да можат да го издржат овој процес. Јас со тоа не се согласувам и да видиме Владата што мисли понатаму да прави. Уште острашно, за спроведување на овој закон, слушајте сега: “Владата сега треба да донесе 12 акти, од кои 2/3 се годишни”. Значи, секоја година треба да ги носи одново. Министерството за локална самоуправа носи шест акти секоја година. Советот за рамномерен регионален развој носи осум акти. Бирото за рамномерен регионален развој носи 21 акт. Советот за регионален развој носи 10 акти и центрите носат шест, а имаме осум центри, 6 x 8 се 48. Ајде да кажеме дека се шест. Сите овие собрани заедно се 54, плус или минус неколку во читањето можеби не сум забележал. 17 нови органи и 54 одлуки кои секоја година треба да ги носат за да се спроведува овој закон од 20 е преголемо нормирање. Овој процес треба да се центрлаизира во Македонија. Погрешна е тактиката на упорна децентрализација на двемилионска Македонија со пет милијарди БДП во евра осум региони. Мислам дека е погрешна тактиката. Тоа се моите забелешки. Има втора фаза и владата ќе размисли. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Поповски.

За реплика се јави Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуваниот Поповски ме спомна околу тоа дека ако секој регион колку партиципира му се враќа, ако и понатаму продолжиме со трендот на неразвиеност, тие региони што не се развиени. Јас во оваа прилика само сакам да го прашам Никола Поповски, а и другите пратеници, бидејќи ја спомна Струмица, Радовиш, дали овој регион или оваа општина, само Струмица да ја земеме, не треба да споредуваме со други или да набројуваме повеќе општини, дали за 50 или 60 години не можела самостојно да издвои средства да го изгради овој регионален пат. Или дали со својата партиципација, со плаќање на давачките кон државата, формирањето на Буџетот и тн., регистрирање на возила и се она што значи партиципација во обезбедувањето на средства на ниво на Република, дали до сега немало обезбедено средства за барем таа делница да биде направена. Затоа што, јас сум сигурен дека државата не може да учествува секаде и таа не може да се меша секаде или да ги нарушува пазарните законометности. Меѓутоа, еден од битните предуслови е да имаме добра патна мрежа, бидејќи на тој начин ќе можеме ние да ги надминуваме разликите. Значи, во овој регион не е инвестирано во работи каде што може државата да инвестира, а не велам дека секаде треба да се меша државата или пак да ги запира тие процеси кои што се неминовни. Некои региони да се развиваат побрзо, поради блискоста на транспортните мрежи и тн. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Владата,

Иако од поодамна знаеме дека се подготвува ваков закон за регионален развој, иако сите знаеме дека министерот го најави како еден од најзначајните закони на неговото Министерство, на Министерството за локална самоуправа, морам да признам дека очекував многу повеќе од ова што го добивме како Предлог, иако е прва фаза, пред се, очекував да имаме многу појасен предлог.

Почитувани колеги, го знам членот 57 од Уставот на Република Македонија, кој упатува на водење грижа за порамномерен регионален развој, но јас тоа го разбирам како обврска за носење на плански документи за развој на регионите, а не носење на еден ваков закон. Уште помалку како градење на институционална инфраструктура засега или засега само за регионално планирање, а понатаму останува да видиме што ќе се случува во тие центри за регионален развој и дали ќе може воопшто некој да ги контролира.

Имам уште една голема дилема. Според Уставот на Република Македонија територијата е единствена. Уставен основ за утврдување на подрачјата на општините има во главата за локална самоуправа, но уставен основ за регион од било кој вид, воопшто нема.

Почитувани колеги пратеници, ако е целта на овој закон подготовка на плански документи и ако погледнеме што се пишува во законот, што се тоа плански документи за регионален развој, како што стои во членот 8 од овој Предлог, тоа се:

1. Стратегија за регионален развој на Република Македонија

2. Програма за регионален развој на Република Македонија

3. План за развој на планскиот регион.

Ако е тоа така, а така е напишано, тогаш нема апсолутно потреба од носење на ваков закон, туку може таквите документи да ги донесе Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија или општините на Република Македонија. На предлог на министерот за локална самоуправа, кој што ја донесува всушност, како што пишува во Предлогот, методологијата за плански документи за регионален развој во член 8 во точка 5 го пишува тоа, дека тоа можат

навистина да го направат институциите кои што веќе ги спомнав. Со други зборови прашувам дали има потреба да воспоставиме едно ново меѓуниво помеѓу локалната и централната власт, која може да се покаже крајно нерационално, скапо, тромо. Но, од друга страна да не отвори и прашања кои не се предвидени во моментов во овој закон и општините да ги фрли во втор план и да на ја направи безпредметна општинската соработка. Или пак, да отвори теми кои денес не можеме дури ни да ги претпоставиме. На пример, дали Советот на регионите треба да има свој статут. Да или не? Ако треба да има кој треба да го донесе тој статут и како? Или уште поедноставно. Дали Советот на регионот треба да има меморандум на кој што ќе се пишува, ќе се праќаат дописи, ќе се подготвуваат седници и тн.,дали Советот на регионите ќе има сво печат, ќе има свој грб, дали ќе има знаме на регионот, дали и што ако Советот на регионот одлучи да расправа околу употреба на јазиците во тој регион.

Почитувани колеги, ова се пресериозни прашања кои што можеме само да ги претпоставиме. Токму затоа во оваа фаза нив сакам да ги потенцирам односно да ги спомнам.

Почитувани колеги, ценам дека ние треба да работиме на планот на децентрализација на власта во Република Македонија. Да направиме се. Локалната самоуправа да се унапредува и да се развива, свесни дека нејзиното јакнење всушност претставува фактор на стабилноста. Всушност, Комитетот на министрите тоа ни го дава во прпораките од 19 декември. Ако сега или ако досега основен документ според кој треба да работат и можат да работат општините, локалниот економски развој, тогаш погледнете што се пишува во членот 13 од овој Предлог. Дали овие документи за кои се зборува во член 13 не се доволна основа да сфатиме за каков Предлог-закон се работи. Ќе прочитам само една точкка од членот 13, бидејќи сите се навистина која од која поубави. Во точка 7 се вели: “Планот за развој на планскиот регион е основа и рамка за подготовка на плановите на единиците на локалната самоуправа во сферата на нивниот економски, социјален, урбанистички, еколошки и културен развој”. Ова не значи ништо друго, да преведам дека ова значи само едно, целосно ограничување на надлежностите на општините. Не би сакал да бидам погрешно разбран дека зборувам само за одреден или одредени региони во Република Македонија. Еве, како и многумина колеги вчера и денес односно во петокот и денес ќе зборувам за регионот од каде што доаѓам, регионот на Гевгелија. И самите знаете дека во законот регионите ниту ги пишува по број, ниту по име, ниту пак по состав. Се надевам претставникот на Владата дека ќе ме демантира, па ќе можам некои документи да ги прочитам што Владата ги донела во 2001 година. Значи, иако не ги пишува, непосредно пред почетокот на расправата ни беше поделен еден прилог кон точка, како што вели, прилог кон точка 18 од дневниот ред на 34-та седница на Собранието на Република Македонја. Предлог за донесување на закон за рамномерен развој. Почитувани колеги, претпоставувам дека никој нема да ми земе за зло, ако најмногу зборувам за регионот од каде што доаѓам. Претпоставувам дека дебатите кои што се водат дека тој треба да биде посебен регион 9-ти, ќе уследат после јавната дебата, за која што подоцна сакам да кажам збор-два.

Значи, овој јужен регион или југоисточен што се вели, каде што седиштето треба да биде во најголемата општина, како што е предложено во законот, а тоа значи дека грижата за развој на општина Гевгелија, која убедливо според мене е најперспективната општина во Република Македонија, треба утре со ваков Предлог-закон, се што ќе донесе како предлог проект да го прати на усвојување, на одобрување каде што во регионалниот центар општина Босилово, општина Василево или Валандово ќе гласаат за тоа дали е тоа добро или е тоа лошо. Ќе ми простат што токму нив ги земав за пример, меѓутоа можев да го спомнам и Радовиш, да неречам и Конче кои што навистина немаат ама баш никаква допирна точка со регионот за кој што јас зборував.

Инаку, да се потсетиме какво е искуството во Република Македонија што се однесува на имплементацијата на регионални проекти. На ова ниво на кое што се наоѓа локалната демократија во Република Македонија, ми дава за право да прашам, кој е регионален проект кој функционира како што треба. Дали можеби ќе биде добро да го земам примерот на Проаква од западниот регион, од регионот Охрид-Струга. Дали да го земам примерот на регионалната депонија Прилеп, Битола и Ресен. Дали регионалниот водовод Студенчица, дали проектот за изградба на регионална санитарна депонија во јужниот регион, донесена одлук уште во 2000-та година, заокружена финансиска конструкција и тн. Или пак, уште појасно и повжно, што има направено Министерството во овие изминати месеци за подобрување на овие состојби. Значи, имајќи го предвид досегашното искуство во Република Македонија се плашам дека понудените решенија во овој закон ќе ја усложнат и така веќе сложената економско социјална состојба во државата.

Почитувани колеги, мислам дека сето ова вака предложено е непотребно и е многу скапо. Особено, ако направиме една мала анализа за тоа колку луѓе треба да бидат вклучени во работата на Советот на региони, колку во Центарот за развој на регионите, колку во комисиите на регионите каде треба да бидат вклучени плус експертите, коморите, здруженијата на граѓаните, невладините организации и тн. Ако пак се направи анализа за еден регион колку луѓе се потребни да опслужуваат, да ја извршуваат оваа работа, ако се помножи по осум или девет региони колку што се претпоставува дека треба да има, можеме само да претпоставиме колку финансиски средства ќе бидат потребни за плати, за тековно опремување, за возила, за одржување, за обуки на тој персонал и да не набројувам.

Затоа, со право велам дека вака предложеното решение не е најпаметно, дури би рекол непотребно и многу скапо. Во овој дел накратко би сакал, почитувани колеги, да се осврнам и на излагањето на министерот за локална самоуправа господинот Зоран Коњановски. Тој кажа дека при изработка на ваквиот Предлог се користени различни искуства. Користењето на искуствата. пред се, на две земји членки на Европската унија, Словенија и Литванија во подготовка на Предлог-законот е за поздраување. Меѓутоа, идеална комбинација би била кога би ги искористиле само нивните позитивни искуства, без да ги повториме нивните грешки во пракса.

Зошто? Заради тоа што не само овие две земји, туку сите десет земји опфатени со последниот бран на проширување на Унијата дојдоа до следниот заклучок: колку е поедноставно - толку е подобро, од било кој аспект: ефикасност, имплементација, испорака на видливи резултати.

Министерот спомна премногу тела на национално и локално ниво. Совети, бироа, комисии, синдикати, здруженија на граѓани, невладини организации итн.

Ако сме доволно доблесни ќе признаеме дека ова, понекогаш е тешко да го координираме и на централно ниво, а камо ли пак на локално. Без јасно дефинирани улоги и правна чистина, проектот тешко дека ќе може да размислуваме дека ќе успее. Иако во почетна фаза, очекував првични процени на Владата за Буџетот, во бројки и процентуални соодноси на учество помеѓу централната и локалната власт. Каква ќе биде координацијата меѓу Владата и локалните органи во поглед на соработката со меѓународните институции, пред се финансиските и дефинирањето на приоритетите?

Во оваа насока би било многу добро, доколку Министерството за локална самоуправа искористи елементи или одредби од регулативата на Европската унија 1083 од 11 јули 2006 година за генералните водечки принципи во поглед на Економскиот регионален фонд, Европскиот социјален фонд и Кохезиониот фонд на Европската унија за период од 2007-2013 година.

На крајот, почитувани колеги, ќе го кажам мојот став за ваквниот Предлог-закон, ќе бидам воздржан. Заради тоа што не ја погоди основната цел, а тоа е пред се помошта на општините во Република Македонија. Ценам дека еден ваков закон е недовоно јасен, преуранет и треба да уследи дури тогаш, кога сите наши општини ќе имаат чисти позитивни биланси барем две години едно по друго. До тој момент желбите ќе бидат едно, а реалноста е нешто друго.

Убеден сум дека оној момент кога ќе се донесе ваков или сличен закон, градоначалниците ќе се најдат во една многу непријатна ситуација, да без овластување и без мандат од граѓаните членуваат во нови органи, регионални совети, каде што понекогаш ќе мора да носат одлуки што не се во интерес на граѓаните и општините од каде што доаѓаат. Секако дека е интересен и фактот што предлагачот ги исклучил општинските совети од целиот овој процес на носење на вака крупни одлуки.

Најавувајќи ја мојата воздржаност за еден ваков недоразработен концепт, ќе завршам со неколку, за мене, крупни отворени прашања:

Првото е, дали се во право сите оние граѓани на Република Македонија кои велат дека со овој закон се воведува двостепена локална самоуправа во Република Македонија, особено ако се има предвид членот 5 кој што вели “За потребите на планирањето на регионалниот развој и реализација на мерките и инструментите за регионален рамномерен развој, се воспоставуваат плански региони”.

Почитувани колеги, во членот 2, точка 3 вели дека “Плански регион е функционално територијална единица воспоставена за потребите на планирање на развојот и реализација на политиката на рамномерниот регионален развој”.

Во истиот член 2 стои дека “Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија е тело за усогласување и координирање на политиката за поттикнување на рамномерниот регионален развој”.

Во точка 13 стои дека “Советот за рамномерен регионален развој е тело за усогласување и спроведување на регионалната политика на планскиот регион”. Повторувам на регионалната политика на планскиот регион. Премногу работи, почитувани колеги, во овој Предлог-закон се оставени да се регулираат со подзаконски акти. Проверете и видете колку само предлог законски решенија или подзаконски акти треба министерот да уреди лично и да ги предложи.

Потребните средства не се утврдени во која висина ќе бидат, односно ќе се издвојат, а знаеме дека и пишува во Предлогот дека во Стариот закон, тоа беше 1% од БДП иако пишува дека тој не се применува и дека е тоа 0,1%. Што не пробаме да биде тоа со 1%? Па дури тогаш да носиме вакви предлози.

Или, воопшто не се утврдени критериумите за пресметување на степенот на развој на регионот. А, во законот ги нема критериумите и нормално, во право се сите оние што го поставуваат јавно прашањето како може, ако во законот ги нема, Владата со акт да ги регулира.

Имено, во член 12, точка 4 стои: “Критериумите за пресметување на степенот на развиеноста на единиците на локална самоуправа и планските региони се утврдуваат со акт на Владата на Република Македонија на предлог на министерот за локална самоуправа, а нивната класификација, исто така, се утврдува со акт на Владата, на предлог, повторно, на министерот за локална самоуправа, за период од 5 години”. Иако, изборите за локалните органи и функционери кај нас се 4 години.

Составот на Советот за регионалниот развој на Република Македонија, значи оној состав на Советот што е на национално ниво, на

републичко ниво не е воопшто дефиниран. Кога, нормално, треба да се прашаме и како ќе се одлучи за структурата, односно за составот на овој Совет? Министерот, во своето експозе вели Советот за регионален развој на Република Македонија ќе го формира Владата, а составот “треба да биде таков, преку неговата работа и функција да се гледа врската меѓу двете нивоа на власат”.

Почитувани колеги,

Дали може да се случи, да речеме, сите членови на овој Совет, после две години да бидат членови од СДСМ? До еден односно, од партијата на власт. Мислам дека не е добро и дека СДС треба да води сметка за тоа.

И на крајот, дали со Предлогот на законот ЗЕЛС во Република Македонија се маргинализира, со ваквиот Предлог на закон и дали се поставува под знак на прашање членувањето на општините во оваа единствена национална асоцијација? Зошто го потенцирам на крајот ова? Сметам дека целта на ЗЕЛС во Република Македонија е да постигне поголемо единство помеѓу неговите членки и остварување на заедничка акција на правен и на административен план.

Затоа, навистина предизвикува чудење кај мене, интересен е податокот, ако е навистина точен, за поддаршката на ЗЕЛС на еден ваков, токму ваков предложен законски проект! Нормално дека се поставува прашањето, што веќе јас го спомнав во моето обраќање, како може ЗЕЛС да поддржи вакво нешто, кога апсолутно, советите на општините се исклучени по секој основ од ваквиот проект?

Да не должам, почитувани колеги, ќе завршам со тоа дека, со еден совет до Владата и до Министерството, пред да се отпочне јавната дебата по општините или регионите, сосема сеедно како ќе ги крстите, мислам дека би било згодно да сите забелешки што беа упатени од страна на пратениците, да ги вградите. Дури потоа да почнат да се организираат јавни дебати. Инаку, ќе направиме бура во Република Македонија од која што зијан ќе бидеме сите. Можеби во некоја друга можност ќе можеме, при ваков поинаков Предлог-закон да разговараме за техничка и за финансиска помош, за здружување на силите за заштита за една употреба, би рекол, за рециклирање на отпадот, за спречување и заштита од поголеми природни и технолошки катастрофи, ќе зборуваме за прекуграничната димензија што ја нема и мерките за охрабрување на развојот на прекуграничните структури и административните аранжмани. Мислам дека можеби ќе биде добро, ако многу брзо, добиеме некој нов предлог и ако, можеби, Владата го повлече ваквиот предлог во интерес на граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас господине Ќуркчиев.

Има збор пратеник Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Се согласувам со колегите пратеници кои што го делат мислењето дека станува збор за исклучително важен закон. Меѓутоа, за да видиме дали решенијата што се предложени во оваа фаза на законот го даваат она што ние би сакале да го постигнеме во Република Македонија, мислам дека прво би требало да направиме еден пресек на постојната состојба што ја имаме денеска и на она што би сакале или што би сакале да го постигнеме со законот или која е нашата крајна цел, како држава. Имајќи предвид дека рамномерниот регионален развој во една држава е еден од приоритетите во секоја држава.

До сега сме имале отсуство на програмски документи од стратешки и оперативен карактер што ги тангирале овие состојби. Сме имале отсуство на заокружена институционална структура за управување со регионалниот развој. Сме имале отсуство, исто така и на нормативна рамка за уредување на прашањата од доменот на регионалниот развој. Можеби за тоа се јавуваат одредени состојби што моите колеги во нивните говори ги истакнаа.

Факт е дека до сега беше маргинализирана улогата на регионалната политика и нејзиното сведување на политика на поттикнување на недоволно развиените подрачја, со занемарливи ефекти во остварувањето на целта. Факт е дека се покажа дека ваквата политика до сега не даде резултати во Република Македонија.

Секторските развојни политики, што имале регионално развојна рефлексија, до сега биле меѓусебно некоординирани. А, исто така, сме имале и слаб институционален капацитет на национално и локално ниво за управување со регионалниот развој.

Она што би сакале ние да го постигнеме е креирање на заокружен систем на развојни цели, институции и инструменти за регионален развој, воспоставување на конзистентна политика за управување со регионален развој, зајакната, насочувачка и координативна улога на институциите на на национално и на регионално ниво во доменот на регионалниот развој, зајакната улога на локалната самоуправа во иницирањето и реализацијата на развојните идеи, регионална политика во комуникација со нашата реалност и со политиката на регионалниот развој на Европската унија и градење на институции и зајакнување на нивниот капацитет со ефикасно користење на развојни ресурси од домашни и меѓународни извори.

Она што би сакале да постигнеме, односно она што би сакале да бидат цели на политиката за регионален развој би требало да биде: Прво, обезбедување на подеднакви живот, работни и еколошки услови на сите региони и области во нивни рамки и создавање на подеднакви можности за економски и социјален развој и

Второ, намалување на диспаритетот по однос на нивото на развој на планските региони.

Надминувањето на развојните диспаритети помеѓу одредени подрачја во земјата би требало да биде една од основните цели што треба да биде пазарно ориентирана и насочена кон создавање конкурентни региони. Во тој контекст, регионалната политика треба да биде селективно насочена кон оние субјекти што имаат улога на развој на одредено подрачје, како и кон регионите со специфични проблеми во развојот.

Со цел да се обезбеди уредување на политиката на регионален развој, потребно е донесување на еден закон што ќе ги регулира сите овие прашања, што, од една страна, ќе обезбеди домашен регионален развој, меѓутоа и ќе направи јасна дисктинција меѓу националната регионална политика од една страна и регионалната политика во контекст на Европската унија, поради разликите во пристапот, критериумите, институциите и инструментите потребни за водење на политиките на регионален развој.

Меѓутоа, она што го добивме како текст предложен од страна на Владата сметам дека не е доволен за да одговори на сите оние прашања што ги наведов до сега. Заради тоа што има конфузност и, дури би рекла, нејасна слика што со законот би требало да се постигне.

Ако тргнеме, уште во членот 2, практично немаме дефиниција за рамномерен регионален развој. Јас, како пратеник, ако тргнам од насловот на законот и ако го читам целиот закон, не можам да разберам што подразбира Министерството или Владата под рамномерен регионален развој, заради тоа што, реков, од една страна, во поимникот, во членот 2 нема дефиниција за тоа што подразбира Владата под рамномерен регионален развој, а од друга страна, во сите членови во текстот на законот регионален развој, поимите регионален развој и рамномерен регионален развој се употребуваат во различни делови, во различни аспекти и останува нејасно што во суштина е тоа што Владата би сакала да го дефинира со овој закон.

Значи, законот не содржи гаранции, не дава доволна основа за реализација на зацртаните цели, националните и стратешките приоритети на републиката за економски развој.

Најсуштествените прашања, како што се критериумите, механизмите за координација помеѓу органите, тука зборувам и за хоризонтална и вертикална и за тоа треба да бидеме свесни, дека механизмите за координација меѓу органите мора да биде во две насоки, едната е хоризонтална, бидејќи станува збор за регионална политика што ќе поврзува неколку локални единици и другата е вертикална, што ќе мора да обезбеди проодност од Владата до регионите.

Методите и начините за институционално усогласување и хармонизирање на ставовите, сето ова е оставено да се уреди со подзаконски акти. Дали акти, дали правилници, дали уредби, што не е добро.

Впрочем во членот 6 став 4 се вели: “критериумите и индикаторите за одредување на подрачјата со специфични развојни потреби, се утврдуваат со акт на Владата на Република Македонија по предлог на министерот за локална самоуправа”.

Во членот 12, во став 4, се вели: “критериумите за пресметување на степенот на развиеноста на единиците на локална самоуправа и планските региони, се утврдуваат со акт на Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за локална самоуправа”.

Во ставот 5, во истиот член, класификацијата на единиците на локална самоуправа и планските региони, според степенот на развиеност, се утврдуваат со акт на Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за локална самоуправа, за период од 5 години.

Во член 16, став 2, се вели: “составот и начинот на работа на Советот за рамномерен регионален развој се уредува со акт на Владата на Република Македонија”.

Во членот 23, став 2 се вели: “начинот на работа на Советот за развој на планскиот регион и формирањето и финансирањето на работата на комисиите, се уредуваат со акт на Советот за развој на планскиот регион”.

Во членот 28, став 2 се вели: “средствата за поттикнување на регионалниот развој, што се издвојуваат од Буџетот на Република Македонија, се утврдуваат со акт на Владата на Република Македонија”. Да не спомнувам дека ЗЕЛС воопшто не е спомнат, дека учествува во изготвувањето на овие акти, до колку Владата се одлучи да остане на овие решенија.

Во членот 30, став 1 се вели: “критериумите, постапката, носителите и временската динамика на распределбата на средствата за регионален развој од Буџетот на Република Македонија, се регулираат со уредба на Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за локална самоуправа. Критериумите, постапката, носителите и временската динамика на распределбата на средствата за регионален развој од фондовите на Европската унија и другите меѓународни и домашни извори се регулираат со нивни акти”.

И во овој став воопштоне е јасно, што се подразбира под тоа нивни акти. Чии акти се тие? Дали се тоа на меѓународнит еи домашните извори, кои што финансираат, дали е тоа на Владата, дали е тоа на Советот, на еден од советите за регионален развој. Значи, не е децидно наведено кои и во ваква ситуација, практично се носи забуна кој ќе управува со средствата за регионален развој и начинот на нивно уредување, кој ќе го регулира.

Во законот не се дефинирани планско развојните региони. Ние добивме еден прилог, меѓутоа, сметам дека тие треба да бидат составен дел на

законот, за да не се случи во иднина било која друга Влада да ги менува планско-развојните региони, во зависност од одредени причини, без јасно утврдени критериуми. Токму заради тоа сметам дека треба да бидат составен дел на законот. Точно да се знае зошто имаме толкав број на планско-развојни региони, да се знае дека тоа не се административни региони, па да се сфаќат и да се коментираат во некоја друга конотација, туку напротив, да се знаат точно од кои причини се определени тие региони и точно кои се регионите. Мислам дека тоа треба да биде уредено со закон. Не е јасно како ќе се хармонизираат регионалните политики на регионите со политиката на Советот за рамномерен регионален развој. Како ќе се регулира и како ќе се обезбеди почитување на своите ставови.

Како што реков, работата на Советот за рамномерен регионален развој е ставено да се уреди со акт на Владата, а има клучна улога според законот во политиката на рамномерен регионален развој . Она што го напоменав за управувањето со средствата за регионален развој, постои неусогласеност помеѓу насловот на законот и главата 6, ако законо тноси наслов Закон за рамномерен регионален развој, главата 6 гласи: “финансирање на регионалниот развој”.

Значи тоа што го зборував на почетокот, не е јасно што Владата подразбира под рамномерен регионален развој, што под регионален развој. Овие два термини се користат во различни аспекти и има неусогласеност во целиот текст на законот, визави насловот на законот.

Од она што го кажав до сега, произлегува дека законот не дефинира ништо конкретно, туку е оставено за најсуштинските работи да се регулираат со акт на Владата, или со Уредба на Владата. За тоа, логично се поставува прашањето, што е тоа што го регулира овој закон и дали Ќе ја исполни целта заради која што се поднесува. Никаде во законот не можам да прочитам дека постои одговор на прашањето како до рамномерен регионален развој. Како до интегрална регионална политика, заради тоа што не постои меѓу другото, и недефиниран модел за координација, особено потребно помеѓу институционалните, меѓутоа и вон институционалните умрежувања, како што се на пример, соработката со Стопанската комора, невладини организации и т.н. Треба да биде јасно дека рамномерната регионална политика мора да биде во рамките на националнио тразвоен план. Мора да имаме компактибилен развоен план и на национално и на регионално ниво. Тоа е едно од прашањата за кои што овој закон исто така треба да даде одговор како ќе се регулира. Никаде не е напомнато начелото на ефикасност, во функција на рамномерниот регионален развој. Сакам да потенцирам дека ефикасноста е начело број еден во политиката на Европската унија. Кога станува збор за регионалниот развој, Во Европската унија кога зборуваме за регионален развој не се мисли рамномерно во смисла на сите подеднакво, туку во смисла на ефикасно и рационално. Значи, законот не ги дефинира политиките и нивните носители и не прави дисктинција меѓу регионален развој во рамките на Европската унија од една страна, и регионален развој во рамките на Република Македонија. Ова второто е финансирано од Буџетот, кофинансирано од одредени фондови, меѓутоа, мора да постојат критериуми за селекција на проекти од локално на регионално ниво. Без таков механизам не може д аобезбедиме добра координација и усогласеност на користење на фондовите, на средствата, меѓу единиците на локална самоуправа и регионалната политика на развој, ниту пак, обезбедува коегзистентност и заштита на регионалните политики од влијанието на променливоста н аполитичките структури, за што зборуваше и коелгата Ќуркчиев. Ваквите политики не смеат да зависат од мнозинството на одредена политичка гарнитура. До колку сме искрени и до колку навистина сакаме закон кој што ќе овозможи, ќе даде основа за спроведување на развој на регионална политика, тогаш мора да направиме дистинкција и да овозможиме изолираност или да оневозможиме влијание на политичката структура, која што во тој момент го има мнозинството, да влијае врз регионалната политика.

Сосема на крајот, за она што сметам дека е многу важно, околу мониторинг и еволуацијата. Станува збор за прилично голем број на средства што ќе се користат, меѓутоа, за жал, за мониторинг евулацијата се предвидени мислам само два члена.

Сметам дека за мониторингот и еволуацијата, на имплементацијата на стратегијата за регионален развој и Програмата за регионален развој, како и другите делови, планските документи за регионален развој и т.н. мора да бидат подетално разработени, без разлика дали станува збор за овој закон, или пак Владата ќе се одлучи на друг начин, или пак на донесување на други закони кои што ќе ја регулираат оваа тематика.

Би сакала да поставам неколку конкретни прашања. Мислам дека во текот на целиот текст се користи следниов термин, како во членот 8, став 4. Временскио тпериод на подготовка на планските документи за регионален развој се усогласуваат со временскиот период на подготовка на програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија. Мислам дека е ова многу чуден репер за динамика на усвојување, на подготовка на плански документи. Мислам дека нам би требало да ни биде приоритетно, ваквите плански документи да се изготват, колку е можно побрзо. Меѓутоа, за жал, ваквата формулација дека нешто ќе се подготви во зависност со временскиот период за усогласување на одредени документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија, провејува низ целио текст и мислам дека воопшто не станува јасно за што

станува збор. Ако станува збор за она што го зборувавме дека мора да има јасна дистинкција меѓу националната регионална политика и регионалната политика во смисла на контекст во Европската унија, тогаш ваквата формулација воопшто не треба да стои. Ако станува збор за чекорот кој што Република Македонија го прави за приближување и за отпочнување на преговорите кон Европската унија, тогаш исто не е среќна формулацијата да стои во законот. Мислам дека Министерството би требало во наредата фаза да размисли што е тоа што сака да го постигне со ваквите формулации во законот и прецизно да ги дефинира, покрај тоа што реков би требало неопходно да се направи јасна дистинкција меѓу националната регионална политика и регионалната политика во контекст на Европската унија. Мислам дека стратегијата, ќе се придружам кон оние пратеници, дека стратегијата за регионален развој не треба да ја донесува Владата на Република Македонија, туку треба Собранието, заради тоа што станува збор за документ, кој што би требало да трае 10 години, кој што по некој природен тек на работите би требало да го имплементираат неколку влади од различни политички структури и за тоа апелирам овој документ да се носи во Собранието на Република Македонија и бии било пожелно тоа да се прави со консензус, за да не се доведеме во ситуација различни политички гарнитури, под изговор дека во одреден биле против таквата стратегија да ја менуваат стратегијата, заради тоа што ќе се согласите стратегијата би требала да биде единствена, особено кога ги имаме целите во прашање, истите прашања кои што треба да ги опфаќа.

Во членот 11, во став 4, повторно се вели: “Програмата за регионален развој се подготвува согласно програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија”. Тоа е една од формулациите кои што реков дека се повторува натаму во текстот.

Во ставот 5 се вели: “ Составен дел на Програмата за регионален развој се потпрограмите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби”. Меѓутоа, не е јасно никаде во текстот кој ги подготвува потпрограмите.

Во членот 13 се вели: “Планот за развој на планскиот регион го подготвува Центарот за развој на планскиот регион”.

Во ставот 4 се вели: “Планот за развој на планскиот регион, го донесува Советот за развој на планскиот регион”.

Јас се прашувам коај е вистинската функција на Центарот. Дали Центарот, до колку е дефиниран, како што е понатаму во еден член дека претставува стручно тело на Советот, дали може да има позиција на правно лице, ако покажува само стручно административна помош и дали треба да има ваква улога.

Она што е исто така многу важно, а се повторува и во членот 17 и во членот 23 се вели: “Работата на Советот за рамномерен регионален развој ја помагаат комисии составени од експерти за регионален развој, претставници од стопанските комори и релевантни партнери од приватниот и граѓанскио тсектор”.

Јас се прашувам, кои се експертите за регионален развој. Имаме ли во Македонија такви, кои ќе ги дефинираме ние како ескперти за регионален развој, какво образование треба да имаат тие, каков стаж, какво исксутво. И што подразбирате под тоа релевнтни партнери од приватниот и граѓанскиот сектор. Што за вас, кога сте го пишувале законот претставувало релевантен партнер од приватниот и граѓанскиот сектор. Тоа се јавува исто во членот 23. Мислам дека и тука би требало да добиеме одговор или јасна слика што е тоа што го планира Владата и што го планира Министерството за локална самоуправа.

Јас со ова ќе завршам, со оглед на тоа што времето веќе истече. Мислам дека до колку сакаме да добиеме закон кој што навистина, ќе одговори на целите кои што сакаме да ги постигнеме, треба Министерството сериозно да ги разгледа забелешките кои што беа изнесни денеска од нашата говорница и да даде одговор на одредени прашања. Очекувам во текот на дискусијата претставникот на Министерството за локална самоуправа да ми одговори на одредени дилеми, кои што ги истакнав во моето искажување. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓице Грковска. Тука ја прекинувам денешната седница. Утре во 11,00 часот ќе работиме по новата 37-та седница. По завршување на 37-та седница ќе продолжиме со денешната 34-та седница.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)